# СОДРЖИНА


*ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА*

- **Донации во јавен и приватен сектор, обврски и даночен третман..............................................5**

*НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ*

- **Одвоен живот и теренски додаток..................................32**

*ФИНАНСИИ*

- **Начин на пресметка на казнена камата (за период од 01.07 до 31.12.2024)..................................47**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Организација на државна управа....................................63**

*СМЕТКОВОДСТВО*

- **Работни податоци и информации за период јануари – јуни 2024 година..................................84**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Јули 2024 година…….............................106**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Јуни 2024 година…......................128**
- **Коефициент на пораст на цените за Мај 2024 ……………..…129**
- **Цени на гориво……………………..…………………………………131**
- **Рокови за поднесување во Јули 2024 година……………….133**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*……………………………………135

СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2024

7

# ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## *ДОНАЦИИ ВО ЈАВЕН И ПРИВАТЕН СЕКТОР, ОБВРСКИ И ДАНОЧЕН ТРЕТМАН*

***Донацијата и спонзорството се двата вида на најчесто применувани општествено хуманитарни активности. Заради нивното пошироко општествено значење, предвидени се даночни олеснувања од ДДВ, данок на добивка, данок на личен доход и данок на имот, доколку немаат јавен карактер.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), се уредуваат давањето и примањето на донациите и спонзорствата, со кои давателот и примателот можат да бараат даночни поттикнувања, целта на давањето и примањето, давателите и примателите, предметот, користењето, предвидените даночни поттикнувања и евидентирањето и контролата на донациите и спонзорствата во јавните дејности.

Со донацијата и спонзорството во јавните дејности со кои се остварува јавниот интерес, се придонесува за подобру-вање на личниот и заедничкиот живот на граѓаните, здруженија-та на граѓаните и фондации, физичките и правните лица во РС Македонија, како и за нивната економска благосостојба и социјална правда.

Непрофитните активности отсекогаш потешко се стекнувале со средства за остварување на своите цели и задачи, кои претежно се од јавен карактер. Стопанството отсекогаш благонаклоно гледало кон активностите од јавен интерес и дополнително финансиски ги помага јавните дејности, со цел подобрување на перформансите во јавниот сектор.

## *1. ДОНАЦИЈА, СПОНЗОРСТВО, ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ЈАВНА ДЕЈНОСТ*

Помагањето на јавниот сектор, најчесто од претходно воспоставената практика во светски рамки, се врши преку донирање и спонзорирање.

Иако разликата помеѓу донацијата и спонзорството навидум се мали и незначителни на прв поглед, во суштина станува збор за различни видови на помагателни активности.

***Донација*** е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги, која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата и која може да биде дадена за цели од јавен интерес или за поддршка на активностите на примателот. Под донација, во смисол на законот, се подразбираат и жирални давања, теледавање и организирани настани за прибирање на средства.

Основната разлика помеѓу донацијата и спонзорството од аспект на последователни или повратни дејствија од страна на примателот е во тоа што донаторот не се стекнува, односно не треба да се стекнува со повратни услуги или средства.

***Спонзорство*** е доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги за конкретен проект и/или активност, кои овозможуваат директна корист на давателот, како што се промоција на име, фирма и заштитен знак на давателот на спонзорството.

Спонзорот за разлика од донаторот, се стекнува со право на директна корист, како повратен ефект предизвикан од даденото спонзорство, според однапред договорени услови со договорот за спонзорство или правила одредени од примателот на спонзорството.

***Јавна дејност*** е дејност во областа на заштита на правата на човекот и граѓанинот, образованието, науката, развој на информатичкото општество и пренос на електронски податоци, културата, спортот, здравството, социјалната заштита, заштитата на лица со инвалидитет, крводарителството, детската заштита, заштитата на животната средина и други дејности утврдени со закон, како јавна дејност.

***Јавен интерес*** претставува поддржување или промовирање на дејности во областа на заштитата на човековите права, на промоција на културата, етиката, образованието, науката, развој на информатичкото општество и преносот на електрон-

ските податоци, спортот, заштитата на животната средина, социо-хуманитарните дејности, развојот на граѓанското општество, промовирање на крводарителството, промоција на меѓународната соработка и други дејности утврдени со закон.

Даватели на донација и спонзорство, може да биде домашно или странско физичко или правно лице.

***Домашно физичко лице*** е граѓанин на Република Македонија, даночен обрзник.

***Странско физичко лице*** е лице, странски државјанин, бегалец или апатрид кој престојува во Република Македонија или кој живее во друга држава.

***Домашно правно лице*** се смета јавна установа, единица на локална самоуправа, здружение на граѓани и фондации од јавен интерес, трговски друштва, орган на државна управа и друг субјект кој со регистрација пред надлежен орган стекнал својство на правно лице.

***Странско правно лице*** е секое правно лице кое има фирма запишана во трговски регистар во странство или ако е запишано во трговскиот регистар во неговата земја и странски меѓународни невладини организации, фондации, сојузи и нивни подружници кои се непрофитни.

Разликата која суштински се појавува помеѓу донацијата и спонзорството секако е промовирањето, односно промоција-та, на која претендира спонзорот.

***Промоција*** е афирмативно истакнување на името, фирмата и заштитниот знак на давателот на донацијата и спонзорството при давање на донација и спонзорство за вршење на јавна дејност.

## *2. ДОГОВОР И ПРЕДМЕТ НА ДОНАЦИЈА/СПОНЗОРСТВО*

Давателот и примателот на донацијата и спонзорството, склучуваат договор во писмена форма, согласно со Законот за облигационите односи.

По исклучок, договор во писмена форма не е задолжителен, кога примател на донација е здружение или фондација, која се стекнала со статус на организација од јавен интерес, согласно со Законот за здруженија и фондации или кога примател на донација е здружение или фондација, која согласно со основачкиот акт е основана за конкретна финансиска поддршка. Во овој случај во врска со јавен интерес утврден со закон, може

да не се склучува договор во писмена форма. Како основ за даночно поттикнување, ќе се смета извршената уплата на финансиски средства на посебна трансакциска сметка на примателот на донацијата за таа намена. Основот е валиден од моментот на упис во регистар на здружение или фондација согласно со закон, до конечното остварување на јавниот интерес, за кој се дава конкретна финансиска поддршка.

Во случај на прибирање на средства преку теледавања, примателот на донацијата обезбедува потврда за примени средства, преку телефонска сметка од телеоператорот на месечно ниво, доколку периодот во кој сметката за донации е отворена е подолг од еден месец.

Во случај на прибирање на средства од организирани настани, организаторот на настанот, средствата прибрани за донацијата ги уплатува на трансакциската сметка на примателот на донацијата, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на настанот.

***Предмет на договорот за донации и спонзорства мора да биде остварување на јавен интерес.***

За донации на барање на давателот, примателот му издава писмена потврда. Формата, содржината и начинот на издавање на писмената потврда, ги пропишува министерот за правда.

Други закони можат да уредуваат прашања за донирањето и спонзорирањето, но се применуваат одредбите на законот за донации, за сите прашања, што не се уредени во тие закони.

### *3. ЦЕЛИ НА ДАВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО*

Донации и спонзорства се даваат за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес.

**Јавен интерес,** претставува подржување или промовирање на јавните дејности.

**Јавна дејност,** претставува дејност во областа на:

- Заштита на правата на човекот и граѓанинот;
- Образование;
- Наука;
- Развој на информатичко општество и пренос на електронски податоци;

- Култура;
- Спорт;
- Здравство;
- Социјална заштита;
- Заштита на лица со инвалидитет;
- Крводарителство;
- Детска заштита;
- Заштита на животна средина; и
- Други дејности, утврдени со закон како јавна дејност.

Претходно наведените дејности, можат да се извршуваат на профитабилна основа од страна на поединци и правни лица, но во профитабилниот сегмент не се сметаат за дејности од јавен интерес.

### *3.1. Што е донација?*

**<u>Донација</u>** е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги, која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата. Донацијата може да биде дадена, за:

• цели од јавен интерес, или
• за поддршка на активностите на примателот.

**<u>Предметот на донацијата,</u>** мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата.

Предмет на донација не можат да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон.

**<u>Донацијата може да се даде во:</u>**

- жирални пари,
- финансиски средства,
- теледавања,
- организирани настани за прибирање на средства,
- секаков вид добра и услуги, вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени,
- завештанија и
- други преносни права.

### *3.2. Што е спонзорство?*

**Спонзорство** е доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги за конкретен проект и/или активности, кои овозможуваат **директна корист на давателот**, како што се:

- промоција на име;
- промоција на фирма и
- заштитен знак на давателот.

**Предметот на спонзорството** мора да е во согласност со дејноста на примателот на спонзорството. Предмет на спонзорство не можат да бидат добра и услуги, чиј промет е забранет со закон.

**Спонзорството може да биде дадено во:**

- финансиски средства,
- секаков вид добра и услуги, вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени,
- завештанија и
- други преносни права.

## *4. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОНАЦИЈАТА И СПОНЗОРСТВОТО*

Давателот, примателот и предметот и целта на давањето на донација и спонзорство, претставуваат основни елементи на донацијата и спонзорството.

### *4.1. Давател на донација и спонзорство*

Давател на донација и спонзорство, може да биде домашно и странско физичко и правно лице.

Давател на донација и спонзорство не може да биде физичко и правно лице, чие дејствување не е во согласност со Уставот, законите на Република Македонија и со меѓународните договори, кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

### *4.2. Приматeл на донација*

**Примател** на донација, може да биде **домашно, правно лице**.

Како примател на донација, може да биде и странско правно лице, кое има непрофитен карактер за остварување јавен интерес во друга држава, во случаите на елементарни непогоди, природни и хуманитарни катастрофи.

Примателот на донацијата, станува сопственик на донацијата и ја користи исклучиво за:

- намената определена во договорот за донација,
- намената за која е отворена посебна трансакциска сметка, односно за целта на дознаката во платниот налог, со кој се донира, во случај на жирални давања,
- намената за која е отворена телефонска сметка во случај на теледавање и
- целта за која е организиран настан, кога станува збор за прибирање на средства на организирани настани.

Објавувањето на името на давателот на донацијата, во периодичните и годишните извештаи, како и во извештаите за користењето на донацијата и во јавната промоција на донаторот, не влијае врз даночниот третман на донацијата.

### *4.3. Примател на спонзорство*

Примател на спонзорство, може да биде домашно правно лице, кое врз основа на примeното спонзорство, ги извршува обврските, што произлегуваат од договорот за спонзорство.

Правата и обврските од договорот за спонзорство, мораат да бидат во согласност со Уставот, законите на Република Македонија и со меѓународните договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

Објавувањето на името, фирмата и заштитниот знак на давателот на донацијата и на спонзорството во јавните, печатените и електронските медиуми, **не се смета за реклама**.

### *4.4. Предмет на донација и спонзорство*

Предмет на донацијата и спонзорството се:

- финансиски средства,

- секаков вид добра и услуги, вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени и
- завештанија и други преносни права.

Предметот на донацијата и спонзорството, мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството.

Предмет на донацијата и спонзорството, не можат да бидат добра и услуги, чиј промет е забранет со закон.

### *4.5. Цели на донацијата и спонзорството*

Цел на донацијата и спонзорството е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес.

Донација се дава на примателот на донацијата, со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потре-би и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Спонзорство се дава на примателот на спонзорството за имплементација на јавниот интерес од определена јавна дејност, дефинирана во договорот за спонзорство.

## *5. ДАНОЧНИ ПОТТИКНУВАЊА НА ДОНАЦИЈАТА И СПОНЗОРСТВОТО*

Согласно одредбите од членовите 12 до 16 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, предвидени се даночни олеснувања и ослободувања.

Даночните олеснувања и ослободувања се предвидени во делот на даноците на промет и даноците на добивка/данок на личен доход и кај даноците на имот.

### *5.1. Корисници на даночни поттикнувања*

Дávателот и примателот на донацијата и спонзорството, имаат право на даночни поттикнувања, предвидени со законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Корисници на даночните олеснувања и ослободувања, се давателите на донација и спонзорство во јавните дејности.

Сите даватели на донација и спонзорство, кои согласно Законот можат/се сметаат за даватели, се корисници на даночните олеснувања.

Субјектите кои неможат да бидат/не се сметаат за даватели на донација/спонзорство во јавните дејности, неможат да ги користат даночните привилегии.

### *5.2. Даночни поттикнувања кај данок на личен доход*

Физичко лице кое донира финансиски средства на правно лице, според одредбите од законот, а врз основа на договорот за донација, има право на намалување на пресметан, а неплатен данок на личен доход или враќање на платен данок на личен доход, утврден врз основа на неговата годишна даночна пријава (образец ПДД - ГДП).

Правото на намалување на ДЛД се утврдува **во висина на донацијата**, но **не повеќе од 20%** од износот на **неговиот годишен данок на личен доход, а најмногу до 24.000 денари**.

За остварување на даночното поттикнување физичкото лице - давател на донацијата, кон годишната даночна пријава, доставува копија од договорот за донација, копија од решението донесено од Министерството за правда, со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, писмена потврда за примена донација, како и доказ за уплатата на средствата.

Данок на личен доход, не се плаќа на примањата по основ на примени донации, во согласност со одредбите од законот за донации и спонзорства.

### *5.3. Даночни поттикнувања кај данокот на добивка*

На даночниот обврзник на данокот на добивка, кој донирал средства на правно лице, износот на дадената донација во тековната година, според одредбите на законот, му се **признава** како **расход** во висина **до 5%** од вкупниот приход.

На даночниот обврзник на данокот на добивка, кој спонзорирал средства на правно лице, износот на даденото спонзорство во тековната година, според одредбите од законот му **се признава** како **расход** во висина **до 3%** од вкупниот приход.

За остварување на даночното поттикнување, правното лице - давател на донацијата, кон Даночниот биланс доставува Образец **УЈП-ИДС/ДВ**, копија од договорот за донација, копија од решението донесено од Министерството за правда, со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, писмена потврда за примена донација, како и доказ за уплатата на средствата.

Образецот УЈП-ИДС/ДВ, се доставува **во рок од 30 дена** од денот на извршување на донацијата.

Покрај давателот на донацијата, примателот исто така има обврска да достави **извештај за примена донација** на соодветниот образец (**УЈП-ИДС/ПР**).

### *5.4. Даночни поттикнувања кај данокот на додадена вредност*

Прометот на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од ја-вен интерес, во согласност со законот, се смета како оданочив промет.

За плаќање на данокот на додадена вредност, кој е пресметан во фактурата за прометот и уплатен од вршителот на прометот на добра и услуги на посебна сметка во Буџетот на Република Македонија, се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија.

Уплатениот данок, се враќа на вршителот на прометот, врз основа на доставено барање од примателот на донацијата.

Кога примател на донација, добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги, со цел за реализација на јавниот интерес, пресметаниот данок на додадена вредност во фактурата за прометот на добра и услуги, издадена кон примателот на донацијата и уплатен од вршителот на прометот на посебна сметка во Буџетот на Република Македонија, се враќа на вршителот на прометот, врз основа на доставено барање од примателот на донацијата.

Од данокот на додадена вредност, без исклучување на правото на одбивка на претходниот данок, **се ослободува**:

а) услуга за право на влез на културен, спортски или друг јавен настан, доколку целокупниот приход е наменет и се употребува за финансирање на активност од јавен интерес;

б) услуга од страна на телекомуникациски оператор, со која се овозможува донирање на парични средства за финансирање на активност од јавен интерес;

Начинот на спроведување на даночното поттикнување, го пропишува министерот за финансии, со Правилник.

### *5.5. Даночни поттикнувања кај даноците на имот*

Донацијата во предмети и материјални добра е ослободена од данокот на наследство и подарок, кога давателот му го пренесува правото на плодоуживање и користење на примателот.

Донацијата во предмети и материјални добра е ослободена од данок на имот, во наредните пет години, по годината во која е дадена донацијата.

### *5.6. Потврда за нерезиденти донатори/спонзори*

На странско правно и физичко лице, по негово барање, Управата за јавни приходи му издава документ, со кој се потврдува дека донирал или спонзорирал во дејност од јавен интерес во Република Македонија.

Документот се издава со цел давателот на донацијата и спонзорството, да добие даночно поттикнување за данокот на добивка во неговата земја.

### *5.7. Изземање од даночни поттикнувања*

Даночните поттикнувања, не можат да се остварат, кога донацијата и спонзорството се употребуваат, за:

- активности на примателот насочени кон поддршка на политички партии и партиски кампањи и
- давање од претпријатија на други претпријатија.

## *6. ЕВИДЕНТИРАЊЕ, ОТЧЕТНОСТ И КОНТРОЛА*

### *6.1. Известување за користењето на донацијата и спонзорството*

Давателот и примателот на донацијата и спонзорството, се должни да изготват извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство, кој треба да ги содржи следниве податоци:

1. име и назив на давателот и на примателот;
2. име и назив на крајниот корисник;
3. опис на предметот на донација и на спонзорството, кој овозможува нивно идентификување, со назначување на количината, вредноста и другите негови особености;
4. крајна употреба на предметот на донацијата и спонзорството и
5. други податоци.

Договорот за донацијата и спонзорството и извештајот задолжително се доставува до УЈП, доколку со законот за нив се предвидени даночни поттикнувања, најдоцна 30 дена од де-нот на исполнувањето на договорот.

Договорот за донацијата и спонзорството, како и секоја друга документација, која е поврзана со донацијата и спонзорството, мора да се чува **најмалку пет години** од завршувањето на календарската година, во која е исполнета обврската од договорот.

### *6.2. Контрола на користењето на донацијата и спонзорството*

УЈП и други надлежни органи, го контролираат давањето, примањето и користењето на донацијата и спонзорството, во случаи на примена на даночни поттикнувања, во согласност со законот.

УЈП и други надлежни органи, доколку при контролата утврдат неправилности и злоупотреби, при користењето на донацијата и спонзорството, поднесуваат прекршочна или кривична пријава.

## *7. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ИНТЕРЕС*

На барање за потврдување на јавен интерес, поднесено од давателот или примателот на донацијата, односно спонзорсвото, Министерството за правда, издава решение, со кое го потврдува јавниот интерес на дадената донација или спонзорство.

### *7.1. Барање за потврдување јавен интерес*

Кон барањето се приложува, Договорот за донацијата, односно спонзорство, освен во случаите кога примател на донацијата е здружение, односно фондација.

Примателот на донацијата (во овој случај здружение/фондација), кон барањето го приложува основачкиот акт на примателот, решение за стекнување на статус на организација од јавен интерес за организации од јавен интерес, (кои го стекнале тој статус согласно со Законот за здруженија и фондации), тековна состојба на примателот издадена од Централниот регистар на Република Македонија не постара од шест месеци, извод од уплатените средства на посебната трансакциска сметка на примателот на донацијата и писмена изјава заверена на нотар, со која под полна материјална и кривична одговорност, изјавува дека нема склучено писмен договор со давателот на донацијата.

Барањето се поднесува на два идентични обрасци, со прилог на докази.

Министерството за правда е должно **во рок од пет дена,** од приемот на барањето, да побара мислење за секое поединечно барање, врз основа на надлежностите од соодветните органи, кое мислење е основ за решавање на барањето.

Надлежните органи, се должни да го достават мислењето до Министерството за правда, во рок од **десет дена** од приемот на барањето.

Министерството за правда во рок од **15 дена** од добивањето на мислењето, **издава решение,** со кое го потврдува или не го потврдува јавниот интерес, за дадената донација или спонзорство.

### *7.2. Барање за издавање на Решение во рок од три дена по истекот на 15-от ден*

Доколку Министерството за правда не донесе решение со кое го потврдува или не го потврдува јавниот интерес во рокот од 15 дена од добиеното мислење, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена, да поднесе барање до писарницата на министерот за правда и министерот за правда да донесе решение. Доколку министерот за правда нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството за правда.

Формата и содржината на барањата за јавен интерес и барањето за издавање на решението, пропишува министерот за правда.

Кон барањето за издавање решение во рокот од 3 дена, по истекот на 15-от ден, подносителот на барањето поднесува и копија од барањето за потврдување на јавниот интерес.

Министерот за правда е должен **во рок од пет работни дена** од денот на поднесувањето на барањето за издавање на решение по истекот на 15-от ден, до писарницата на министерот за правда, да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено. Доколку министерот за правда нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството за правда.

### *7.3. Државен управен инспекторат*

Доколку министерот за правда не донесе решение во рокот од пет работни дена од денот на поднесување на барање за издавање Решение, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена, од денот на приемот на известувањето за неиздавање на решение да изврши надзор во Министерството за правда дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор, да го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат, по извршениот надзор, согласно со закон, донесува решение со кое го задолжува министерот за правда, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето, и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот за правда не одлучи во рокот од десет дена, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за правда ќе одлучи по поднесеното барање, за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот, со кој

одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена, ќе го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку министерот за правда, не одлучи и во дополнителниот рок од пет работни дена, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

### *7.4. Неспроведување постапка од страна на Државниот управен инспекторат*

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од подносителот за непостапувањето на Министерот за правда, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот, и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето и/или не поднесе пријава, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган, дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор, ќе го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од пет работни дена, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена, ќе го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случајот на назначување друг инспектор, директорот на Државниот управен инспекторат, во рок од три работни дена, ќе го информира подносителот на барањето, за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи по приговорот спрема инспекторот, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот за правда не одлучи во дополнителниот рок од 5 дена (определен од инспекторот за да донесе Решение), подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Формата и содржината на барањата ги пропишува министерот за правда.

Ако донацијата и спонзорството немаат карактер на донација и спонзорство од јавен интерес, УЈП донесува решение, со кое се укинува правото на даночни поттикнувања и го доставува до прекршителот (давателот и/или примателот на донацијата и спонзорството).

Против решението, прекршителот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## *8. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ*

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако не склучи договор во писмена форма.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на за прекршок правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако не изготви извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок не склучен договор во писмена форма за донација и спонзорство и за неизготвен извештај за донација и спонзорство на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако не ги користи во согласност со договорот, а предметот на донацијата и спонзорството се враќа на давателот на донацијата и спонзорството.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок некористење на донацијата и спонзорството согласно договорот, на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако договорот и другата документација не се чува најмалку пет години.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок  нечување на документација најмалку пет години, на одговорното лице во правното лице.

За горенаведените прекршоци глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност, ќе се изрече на физичкото лице за непочитување на одредбите.

## *9. ИЗВЕШТАЈ ЗА ДАДЕНА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО*

Согласно член 19 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, и давателот и примателот на донацијата и спонзорството, се должни до Управата за јавни приходи да достават Извештај за дадената и за примената донација и спонзорство (образец “УЈП-ИДС/ДВ“), најдоцна во рок од **30 дена** од денот на исполнувањето на договорот за донации или спонзорство.

Давателот на донацијата и спозорство, во прилог кон Извештајот, задолжително треба да ги достави Договорот за донацијата и Решението на Министерството за правда, со кое се потврдува јавниот интерес за предвидената донација или спонзорство.

### *10. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНА ДОНАЦИЈА И СПОНЗОРСТВО*

Согласно член 19 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и давателот и примателот на донацијата и спонзорството, се должни до Управата за јавни приходи да достават Извештај за дадената и за примената донација и спонзорство (образец “УЈП-ИДС/ПР“), најдоцна во рок од 30 дена од денот на исполнување на договорот за донации или спонзорство.

Примателот на донацијата и спонзорство во прилог кон Извештајот, задолжително треба да ги достави Договорот за донацијата, Решението на Министерството за правда, со кое се потврдува јавниот интерес за предвидената донација или спонзорство, Потврда за донација со која го потврдува добивањето на донацијата, како и доказ за наменско користење на добиените средства.

### *11. БАРАЊЕ ЗА ПОТВРДА ЗА ДАДЕНА ДОНАЦИЈА/СПОНЗОРСТВО*

На барање УЈП-УН-3.2-42/1 од страна на странско правно или физичко лице, Управата за јавни приходи, издава Потврда, со која потврдува дека даночниот обврзник има дадено донација / спонзорство.

Барањето може да се поднесе до даночните канцеларии на УЈП или по електронски пат преку https://etax-fl.ujp.gov.mk/

Обврзникот е должен да уплати административна такса во износ од 50,00 денари за обработка на барањето.

### *12. ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА*

Неопходен услов за донирање, претставува договорот за донација, освен во случај на донација спрема Здружение или Фондација од јавен интерес или наменско формирано Здружение/Фондација за остварување на конкретна финансиска поддршка, утврдена со оснивачкиот акт.

Во прилог основен договор за донација, кој ги содржи задолжителните елементи, согласно Законот, но кој може да биде надграден и дополнет/изменет, согласно спецификите на соодветната донација.

# ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА

Договорот за донација е склучен на ден ____________ година, помеѓу:

1. Име на претпријатие, адреса застапуван од ___________, во натамошниот текст: (давател на донацијата) и

2. Име на примателот, адреса, застапуван од _______________, во натамошниот текст: (примател на донацијата).

Член 1

Предмет на овој договор е остварување на проект од јавен интерес на примателот на донацијата, односно за ____________, согласно проектната документација и/или барањето за донација и/или добиеното решение од Министерството за правда (зависи што од овие документи поседувате).

Член 2

Давателот на донацијата му дава на Примателот на донацијата _____________ (содржина на донацијата).

Член 3

Цел на донацијата од членот 2 на овој договор е остварување, унапредување, промоција и поддршка на активности на проектот __________________________.

Член 4

Примателот на донацијата за примената донација нема да прави никакви против исполнувања, кон давателот на донацијата.

Член 5

Исплатата на финансиските средства, давателот на донацијата ќе ја изврши на трансакциска сметка на примателот на донацијата ___________________________________.

Член 6

Давателот и примателот на донацијата, се обврзуваат да изготват Извештај за донацијата. Извештајот ќе ги содржи следните податоци:

- име и назив на давателот и на примателот
  на донацијата;
- име и назив на крајниот корисник;
- опис на предметот на донацијата;
- крајна употреба на предметот на донацијата;
- други податоци.

Договорните страни се обврзуваат Договорот и Извештајот да ги достават до УЈП за користење на даночните поттикнувања, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности и тоа најдоцна 30 дена од денот на реализирањето на проектот.

Член 7

Овој договор е составен во 4 идентични примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

Член 8

Во случај на спор по овој договор, надлежен е Основниот суд Скопје 1.

Договорни страни:

| Давател на донација: | Примател на донација: |
|---|---|
| _______________ | _______________ |

### *13. ДОГОВОР ЗА СПОНЗОРСТВО*

Неопходен услов за спонзорство, претставува договорот за спонзорство, освен во случај на спонзорство спрема Здружение или Фондација од јавен интерес или наменско формирано Здружение/Фондација за остварување на конкретна финансиска поддршка, утврдена со оснивачкиот акт.

Прилог Договорот за спонзорство кој е изготвен со подваријанти, во делот на членовите, кои по усогласувањето согласно соодветните услови, ќе се изнијансира (филтрира) согласно соодветните специфики на даденото спонзорство.

**Д О Г О В О Р**

**за доделување на средства по основ на спонзорство**

**ПОМЕЃУ:**

1. **Име на давател, адреса**, застапувано од **име и презиме и функција на правен застапник на давателот** (во натамошниот текст, Давател на средства) и
2. **Име на примател,** адреса, застапувано од **име и презиме и функција на правен застапник на примателот**, (во натамошниот текст, Примател на спонзорство).

**Член 1**

**Предмет на Договорот**

Предмет на овој Договор е доделување на неповратни финансиски средства (или материјални или услуги) во износ од ____ денари, за остварување на јавен интерес во областа на _______.

**Член 2**

**Начин на исплата**

По потпишување на овој Договор, Давателот на средствата од член 1 од овој Договор, ќе ги уплати на Примателот на спонзорството на трансакциска сметка на Примателот на спонзорството на ________________, во ___________ банка Скопје.

**Податоци за сметката на примателот.**

*Напомена:* Давателот може самиот да ги дефинира условите на исплата т.е. реализација на спонзорството

**Член 3**

**Цел на спонзорството**

Цел на спонзорството од член 1 од овој Договор е остварување на проект од јавен интерес на Примателот на спонзорство, односно ___________ (*се дава подетален опис на проетот/активноста која се спонзорира*).

**Член 4**

**Обврски на Прималелот на спонзорството**

Примателот на спонзорството се обврзува:

4.1. добиените средствата да ги користи исклучиво за намената утврдена со член 1 од овој Договор;

4.2. во случај да се утврди, дека доделените средства се употребени спротивно на член 3 од овој Договор, Примателот на спонзорството е должен истите да ги врати на Давателот на средствата со казнена камата;

4.3. да ја чува документацијата во врска со доделените средства во период од 5 години од моментот на доделување на средства;

4.4. да обезбеди потребна документација во случај Давателот на средствата истата ја побара поради реализирање на даночните поттикнувања согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности;

4.5. да ги почитува одредбите од овој договор;

**Член 5**

**Промоција на име, фирма и заштитен знак**

Примателот на спонзорството се обврзува да:

*- Давателот ги одредува прецизно условите на промоција, кои претходно се договорени со примателот.*

- Спонзорството не е ексклузивно и не го исклучува правото.

- Примателот на спонзорството да обезбеди и друг тип на поддршка.

*Напомена*: Доколку е така договорено, може да се стави и клаузула за одреден ексклузивитет.

**Член 6**

**Ограничување на користење на име, фирма**
**и заштитен знак**

Со овој Договор, Давателот на средствата му доделува на Примателот на спонзорството ограничено, неексклузивно право да

ги користи името, фирмата и заштитниот знак, во сопственост на Давателот на средствата.

Примателот на средствата, се согласува дека добиените информации ќе ги користи само во согласност со одредбите од овој Договор.

**Член 7**

**Контрола на користењето на спонзорството**

Давателот на средствата или од него авторизирани субјекти го задржува правото, да изврши увид кај Примателот на спонзорството, дали доделените средства се искористени за исполнување на целите од овој Договор.

**Член 8**

Договорот е изработен во четири еднообразни примероци од кои по еден (1) за договорните страни.

**Член 9**

Во случај на спор надлежен е Основниот суд Скопје 1.

| | |
|---|---|
| **Примател на спонзорство** | **Давател на спонзорство** |

# ИЗВЕШТАЈ
## за дадена донација / спонзорство

**УЈП-ИДС/ДВ**

* Пополнува Управа за јавни приходи

| Датум и број на прием | |
|---|---|

### ПОДАТОЦИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈА / СПОНЗОРСТВО

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЕДБ / ЕМБГ | | | |
| Назив | | | |
| Седиште / Адреса | | | |
| | е-Пошта | Телефон | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈА / СПОНЗОРСТВО

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЕДБ / ЕМБГ на примателот | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ на крајниот корисник | | | |
| Назив | | | |
| Адреса / Седиште | | | |
| | е-Пошта | Телефон | |

### ОПИС НА ДОНАЦИЈА / СПОНЗОРСТВО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Форма | | | |
| Финансиски средства | | | износ |
| Добра / Услуги | количина | | износ |
| Завештанија | | вид | износ |
| Други преносни права | | вид | износ |
| Друго | количина | вид | износ |

### ПРИЛОЗИ

- [ ] Договор за дадена донација / спонзорство
- [ ] Решение од Министерство за правда за потврда на јавниот карактер на донацијата / спонзорство

1/2

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за примена донација / спонзорство**

**УЈП-ИДС/ПР**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈА / СПОНЗОРСТВО

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕДБ / ЕМБГ | | | | |
| Назив | | | | |
| Адреса / Седиште | | | | |
| | е-Пошта | | Телефон | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈА / СПОНЗОРСТВО

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕДБ / ЕМБГ на давателот | | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ на крајниот корисник | | | | |
| Назив | | | | |
| Адреса / Седиште | | | | |
| | е-Пошта | | Телефон | |

## ОПИС НА ДОНАЦИЈА / СПОНЗОРСТВО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Форма | | | |
| Финансиски средства | | | износ |
| Добра / Услуги | количина | | износ |
| Завештанија | | вид | износ |
| Други преносни права | | вид | износ |
| Друго | количина | вид | износ |

## ПРИЛОЗИ

- ☐ Договор за дадена донација / спонзорство
- ☐ Потврда за донација
- ☐ Решение од Министерство за правда за потврда на јавниот карактер на донацијата / спонзорство
- ☐ Доказ за наменско користење на добиените средства

1/2

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

***Правото на надоместок за одвоен живот од семејството и теренски додаток е регулирано, согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05... 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23), Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ("Службен весник на РМ" 150/12... 150/16), Општиот колективен договор за јавен сектор („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), Гранските колективни договори и Колективни договори на ниво на работодавач.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 113 од Законот за работни односи, работникот има право на надомест на трошоци, поврзани со работата за:

1) Дневници за службено патување;
2) **Теренски додаток;**
3) Користење на приватен автомобил за службени патувања;
4) **Одвоен живот од семејството;**
5) Смрт на работникот или член на неговото семејство;
6) Отпремнина при одење во пензија, како и
7) Јубилејни награди.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци, се утврдува со Закон и Колективен договор.

**Работодавачот на свој трошок** на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа.

Трошоците за исхрана можат да изнесуваат **најмногу до 20% од просечната нето плата по работник, исплатена во претходната година, која за 2024 година, изнесува:**

**7.323,00 (36.614 х 20%).**

Трошоците за превоз се определуваат **во висина на стварните трошоци во јавниот собраќај.**

## *1. НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ*

### *1.1. Надоместок на трошоците за Одвоен живот од семејството во ПРИВАТНИОТ СЕКТОР*

Одвоен живот од семејството се смета кога работникот кој има семејство за издржување, заснова работен однос по потреба на службата во друг град, надвор од неговото живеалиште, а во местото каде што е седиштето на фирмата со кој засновал работен однос, не живее со неговото семејство.

***НАПОМЕНА*: Надоместокот за одвоен живот, не се исплатува, доколку работникот или неговото семејство, имаат живеалиште во една од соседните општини.**

Под одвоен живот од семејството, се смета времето поминато на работа надвор од местото на ***живеење, во траење над 30 дена непрекинато.***

Надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште на еден или повеќе месеци.

***Надоместокот на трошоци за одвоен живот од семејство, се исплатува од средствата на друштвото.***

Согласно член 35 став 1 алинеа 4 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството ***(во продолжение ОКДПС***), висината на надоместокот *за* Одвоен живот се определува ***во износ од 60% од основицата,*** која претставува просечната месечна нето плата по работник во РС Македонија, во претходните три месеци, според последниот објавен показател од Државниот завод за статистика.

**НАПОМЕНА: Правото на надоместокот за одвоен живот, се користи во целост, само во случај кога нема организирано сместување, исхрана и други услуги.**

Во случај кога е организиран еден од условите, надоместокот **се намалува за износот на трошокот по тој основ.**

Ова претпоставува дека работникот може да патува секој ден, **а трошоците за превоз му се признаваат во полн износ.**

**НАПОМЕНА: Работникот нема право на надомет за одвоен живот за деновите на боледување, годишен одмор, платено и неплатено отсуство.**

### *1.2. Надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Одвоен живот од семејството се смета, кога избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос **не живеат со нивното семејство.**

Согласно член 11 од Законот за Извршување на Буџетот на РС Македонија за 2024 („Службен весник на РМ" 287/23), на овие лица од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството **во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена** во Република Македонија, **во претходните три месеци**.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено **помалку од 100 километри од местото на работење.**

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, **не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство.**

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со Закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

**НАПОМЕНА: Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.**

Овие одредби се применуваат и на лицата на служба на Армија на Република македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права, согласно со Закон.

Надоместокот за следбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

**Надоместокот за селидбени трошоци не следува** доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

**НАПОМЕНА: Надоместокот за одвоен живот од семејството и теренски додаток, меѓусебно се исклучуваат.**

## *2. НАДОМЕСТОК ЗА РАБОТА НА ТЕРЕН*

### *2.1. Надоместок на трошоците за работа на терен во ПРИВАТЕН СЕКТОР*

***Теренски додаток*** претставува надомест на работникот заради извршување на работни задачи, **надвор од место на работа** – седиште на фирмата.

***Под работа на терен*** се подразбираат работи што според својата природа, се изведуваат надвор од местото на вработувањето на работникот и ***во траење подолго од 15 дена непрекинато.***

Надоместокот за работа на терен, ги опфаќа трошоците за сместување и исхрана и трошоците за превоз на работникот **од местото на вработувањето, до местото каде што се извршуваат работите**.

Теренскиот додаток треба да овозможи надоместување за зголемените трошоци, при извршувањето на работи и работни задачи на терен.

Бидејќи извршувањето на одделни деловни активности во подолг временски период се врши надвор од седиштето на претпријатието на работникот е неопходно да му се обезбеди престој и исхрана, во местото каде ја извршува работната задача. Работодавецот е должен да обезбеди услови за престој на работникот на терен.

Трошоците врз оваа основа, се материјални трошоци на работењето и се признаваат во висината на вистинските трошоци.

**НАПОМЕНА: Работникот има право на надомест на име теренски додаток, во зависност од обезбедените услови за престој.**

**Висината на теренскиот додаток** е различна и зависи од дејноста на претпријатието, согласно на тоа и од одредбите на гранските колективни договори или колективен договор на ниво на работодавец.

Согласно напред наведеното, во праксата се сретнуваме и со различни висини на теренскиот додаток, зависно од дејноста и обезбедените денови за престој на работникот на терен.

### *2.1.1. Остварување на правото за теренски додаток*

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПС, правото на теренски додаток се остварува, поради зголемени трошоци на кои е изложен работникот, ако се упати на извршување на работни задачи во места, кои се надвор од општината во која има седиште работодавачот.

**НАПОМЕНА: Соседните општини на општината во која има седиште работодавачот не подлежат на теренски додаток, согласно одредбите од ОКДПС и гранските колективни договори.**

Трошоците би биле на товар на вработениот, доколку се упати на извршување работни задачи надвор од општината и **соседните општини** се во вид на храна, превоз и сместување.

Значи работа на терен не се подразбира доколку на пример земјоделски комбинат упати вработени на работа на земјоделски површини, кои не се во општината, каде што е седиштето, ако вработените се превезуваат и враќаат во текот на еден работен ден.

Теренскиот додаток е определен како надоместок за вработените, ако се упатени **со престој од повеќе 15 дена** непрекинато, при што за извршувањето на работите истите престојуваат ***(сместување за престој и спиење***), надвор од општината и соседните општини на општината, во која е седиштето на правниот субјект, кој упатува вработени на работа на терен.

**Непрекинат престој се смета**, иако вработените се враќаат за време на викенд и повторно заминуваат на работа на терен, наредниот работен ден, по деновите на викендот ***(или неделниот одмор – доколку е различен од викендот).***

### *2.2. Надоместок на трошоците за работа на терен во ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор надоместокот за работа на терен во Јавниот сектор се утврдува теренски додаток во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и слично).

**Дневниците за службени патувања и теренскиот додаток, меѓусебно се исклучуваат**.

Надоместокот за одвоен живот од семејството и теренскиот додаток, меѓусебно се исклучуваат

Висината на теренскиот додаток во Законот за Извршување на буџетот не е предвидена. додека пак во колективните договори на ниво на дејност од областа на јавниот сектор, не содржат прецизни одредби за исплата на теренски додаток, иако тоа е предвидено како право со Општиот колективен договор за Јавен сектор.

Поголем дел од нив содржат управувачка норма за примена на Општиот колкетивен договор во однос на условите и висината на додатоците на плата, надоместоците и другите примања на работникот.

## *3. ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

Согласно одредбите од член 12 став 1 точка 6 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 232/19; 275/19, 290/20, 85/21, 274/22), на надоместоците за одвоен живот и теренски додаток, ***не се пресметува и плаќа данок на доход во висина на најнискиот износ утврден со Општиот колективен договор за приватен сектор, односно за вработените во Јавниот секор во висина утврдена со прописите за Органите на државната управа.***

Согласно член 14 став 1 точка 3 од Законот за Данок на добивка, како даночно признати расходи се: *Исплатените надоместоци на трошоците од работен однос за службено патување ***(освен користењето на приватен автомобил)***, *теренскиот додаток или одвоениот живот во висина на најнискиот износ* утврден со Општиот колкетивен договор за приватен сектор и прописите на органите на државната управа.

**НАПОМЕНА: Доколку работодавачот исплаќа теренски додаток или Одвоен живот над пропишаните износи, разликата се оданочува.**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

### *4.1. Пресметка на Одвоен живот*

**Пример:** На работникот "НН" за времето поминато на извршување работни задачи, надвор од местото на живеење и седиштето на фирмата, му се исплатува на име одвоен живот **за месец ЈУНИ/2024 година во висина од 24.169,00 денари.**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 1) 44102 – Надомест за одвоен живот | 24.169,00 | |
| 2414 – Обврски спрема вработени за одвоен живот | | 24.169,00 |

*(утврдување на обврска за одвоен живот);*

2) 2414 – Обврски спрема вработени
за одвоен живот 24.169,00
1000 – Трансакциона сметка 24.169,00
***(исплати за одвоен живот преку трансакциона).***

### *4.2. Пресметка на теренски додаток*

Теренски додаток работодавачот може да пресметува и исплатува, само ако е регулирано со колективен договор на ниво на дејност или со колективен договор на ниво на работодавач.

Вообичаено друштвата теренски додаток исплатуваат кога нивните активности се надвор од седиштето на друштвото или неговите деловни единици ***(Пример: изградба на градежни објекти, ископи, инсталирање и поправка на постројки, воведување на технолошки компјутерски системи и сл.).***

Во поголем број на Колективни договори на ниво на дејност има само упатувачка норма, прашањето на теренски додаток да биде регулирано со колективен договор на ниво на работодавач.

Во овие случаи покрај висината на теренскиот додаток би требало да се регулираат и други прашања на пример: оддалеченоста од седиштето на друштвото, односно деловните единици **(на пр: над 30 км, над 50 км и слично**); времето на работа на терен **(на пр: од првиот ден, над 10 дена, над 30 дена и слично)** и при работа на терен може да настанат и други трошоци, како што се:

- **Трошоци за превоз (ако не е организиран);**
- **Патарини;**
- **Користење на интернет;**
- **Изнајмување на простории;**
- **Трошоци за фотокопирање и слично.**

**НАПОМЕНА: Висината на теренскиот додаток во колективните договори на ниво на работодавач, треба да биде во согласност со колективните договори на ниво на дејност, но не повеќе од висината на дневниците за службени патувања.**

Во продолжение Ви презентираме ***Пример:*** за исплата на надоместок за теренски додаток во согласност ***со Колективен договор за градежништвото, индустрија на градежни материјали и проектирањето на Република Македонија*.**

***ПРИМЕР 1: Обезбедено сместување и исхрана***

Друштвото „ММ" испратило 2 работници на терен, со обезбедено сместување, исхрана и превоз за 12 дена.

**Бидејки е обезбедено сместување и исхрана, во** КД за градежништвото, индустрија на градежни материјали и проектирањето на Република Македонија, теренскиот додаток **е утврден во висина од 10% од висината на дневницата** изнесува:

**3.222 x 10% = 322,00 денари;**

Ноќевањето е обезбедено во приватно сместување и изнесува:

**(322 денари x 12 дена x 2 работника 7.728 денари.**

**ПРЕСМЕТКА**

***(на теренски додаток за период***

***од 12.06 до 24.06.2024 година за 2 вработени)***

| Р.бр. | Име и през. | Број на ден. | По ден | Вкупно (3 x 4) | Други тро-шоци | Вкуп. (5+6) | Аванс | Ис-пла-та |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 (7-8) |
| 1. | АА | 12 | 322 | 3.864 | / | 3.864 | / | 3.864 |
| 2. | ББ | 12 | 322 | 3.864 | / | 3.864 | / | 3.864 |
| **Вкупн** | | | | **7.728** | **/** | **7.728** | **/** | **7.728** |

**ПРЕСМЕТКА**

***на Данок на доход на доход од имот и имотни права***
***за месец Мај/2024 година (за ноќевање)***

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Нето доход** | **18.000,00** |
| **2.** | **Данок на доход (1 x 9,2896%)** | **1.672,00** |
| **3.** | **За исплата (1 + 2)** | **19.672,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 44101-Надомест на теренски додаток | 7.728,00 | |
| 1021-Благајна | | 7.728,00 |

*(пресметка за теренски додаток);*

| | | |
|---|---|---|
| 4143 – Наемнини од граѓани | 19.672,00 | |
| 2201 - Обврски кон граѓаните | | 18.000,00 |
| 269 - Обрски за данок на доход | | 1.672,00 |

*(пресметка за ноќевање);*

| | | |
|---|---|---|
| 2201 - Обврски кон граѓаните | 18.000,00 | |
| 269 - Обврски за данок на доход | 1.672,00 | |
| 1000 - Трансакциска сметка | | 19.672,00 |

*(платен данок на доход за кирија).*

**ПРИМЕР 2: Не е обезбедено сместување и исхрана**

Друштвото „ММ” испратило 3 работника на терен, **без обезбедено сместување и исхрана.**

Висината на теренскиот додаток согласно КД за градежништво, градежни материјали и проектирање, во овој случај изнесува:

| | |
|---|---|
| **Дневница за службени патувања ЈУНИ/2024:** | **3.222,00** |
| **Висина на теренски додаток:** | **3.222,00** |
| **Исплатен Аванс:** | **63.144,00** |

**НАПОМЕНА: Бидејќи не е обезбедено сместување и исхрана, во колективен договор на ниво на работодавач теренскиот додаток е утврден во висина на Дневницата за службени патувања за соодветниот период.**

**ПРЕСМЕТКА**

***на теренски додаток за период од 12.06 до 24.06.2024 година***
***за 3 вработени***

| Р.бр. | Име и презиме | Бр. на денови | По ден | Вкупно | Др. тро-шоци | Вкупно | Аванс | Ис-плата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5 (3x4)** | **6** | **7 (5+6)** | **8** | **9 (7-8)** |
| 1. | АА | 12 | 3.222 | 38.664 | 1.500 | 40.164 | 21.048 | 19.116 |
| 2. | ББ | 12 | 3.222 | 38.664 | 1.500 | 40.164 | 21.048 | 19.116 |
| 3. | ВВ | 12 | 3.222 | 38.664 | 1.500 | 40.164 | 21.048 | 19.116 |
| **вк** | | | | **115.992** | **4.500** | **120.492** | **63.144** | **57.348** |

**Книжење:**

1439 - Аванс за теренски додаток 63.144,00
1020 – Благајна 63.144,00

***(исплатен аванс за теренски додаток);***

44102 - Надомест на теренски додаток 63.144,00
4401 - Трошоци за превоз 4.500,00
1439 - Аванс за теренски додаток 63.144,00
1020 – Благајна 4.500,00

***(по пресметка за теренски додаток).***

## *5. НАДОМЕСТОК НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК СПОРЕД ГРАНСКИТЕ КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ*

Бидејќи надоместокот за одвоен живот и теренски додаток е различен за поделните грански колективни договори, во продолжение презентираме Преглед на субјектите според гранските Колективни договори со назначување на висината според, која се регулираат надоместоците за одвоен живот и теренски додаток.

**Преглед 1:**

**Одвоен живот и Теренски додаток од ПРИВАТЕН СЕКТОР според Гранските колективни договори**

| Р.бр | КД на гранка | Право на надоместок за ОДВОЕН ЖИВОТ | Право на надоместок за ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК |
|---|---|---|---|
| 1. | **ОКДПС** **(**10/08; 88/08; 122/08; 85/09); | **Најмалку 60%** од основицата (за работа вон седиштето на работодавачот **над 2 месеца).** | Зависно од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **се уредува согласно КД на работодавач**. |
| 2. | КД за **КОМУНАЛНИ** дејности (107/06); | **Најмалку 60%** од основицата (за работа вон седиштето на работодавачот **над 2 месеца).** | Зависно од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **се уредува согласно КД на работодавач**. |
| 3. | КД за **УГОСТИТЕЛСТВО** (02/08); | Во висина **од 60%** од основицата **на еден или повеќе месеци.** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **се уредува со КД на работодавач.** |
| 4. | КД за **ЗАШТИТНИ ДРУШТВА** (151/14); | Во висина утврдена со КД на ниво на дејност, т.е. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена на ниво на работодавач.** |
| 5 | КД за **ТЕКСТИЛНА** индустрија (220/15); | Во висина утврдена со КД на ниво на работодавач **но не помалу од 60% од** основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач.** |
| 6 | КД за **ЗЕМЈОДЕЛСТВО и ПРЕХРАМБЕНА** индустрија (175/15); | Во висина утврдена со КД на ниво на дејност, т.е. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач.** |
| 7. | КД за вработените од **ТУТУНСКО** стопанство (115/14); | Во висина **од најмалку 60%** од основицата, во случај кога нема организ. сместување и исхрана. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Доколку е обезбедено сместување или исхрана надомес. **се намалува за 25%.** | **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач.** |
| **8.** | КД за **КОЖАРСКА и ЧЕВЛАРСКА** индустрија (220/15); | Во висина утврдена со КД на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач.** |
| **9.** | КД за дејноста **ХЕМИСКА** индустрија (52/09; 59/11; 10/13); | Во висина **од најмалку 60%** од основицата, во случај кога нема организирано местување и исхрана. Во случај кога е организиран еден од условите, надоместокот **се намалува за износот на трошокот по тој основ.** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина до 75% од износот на дневницата.** |
| 10. | КД На друштвата од друго **МОНЕТАРНИ** посредување во работењето во **ХАРТИИ од ВРЕДНОСТ** и сткови договори (197/11; 189/13); | **60% од** основицата. | Во зависнот од обезбедените услови за престој на терен (сместување, исхрана и сл) за престој **повеќе од 30 дена;**<br>*** 2% од основицата, ако е обезбедено сместување и исхрана и**<br>*** 7% од основицата ако е обезбедено само сместување.** |
| 11. | КД за **ЕНЕРГЕТИКА (**182/16); | Во висина утврдена со КД на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл) **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач.** |
| 12. | КД за **ГРАДЕЖНИШТВО**, Индустријата на градежни материјали и **ПРОЕКТИРАЊЕ** (28/03); | Согласно КД за приватен сектор. | Во зависност од обезбедените услови за престој и тоа:<br>➢ **кога е обезбедено сместување и исхрана 10% од висината на дневницата;**<br>➢ **кога е обезбедено само сместување во висина на дневницата;** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ➢ **кога е обезбедено само исхрана во висина на трошоците за спиење, како и 10% дневно во висина на дневницата.** |
| 12. | КД за **НЕЗАВИСНИ** регулаторни тела (74/15). | **60% од** Основицата | **5% од** Основицата |

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.**

**ПРЕГЛЕД 2:**

***Одвоен живот и Теренски додаток од ЈАВЕН СЕКТОР според гранските колективни договори***

| Р.бр | Колективен договор на гранка | Право на надоместок за одвоен живот | Право на надоместок за теренски додаток |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Општ колективен договор за јавен сектор ("Службен весник на РСМ" 154/23);** | За одвоен живот од семејството, доколку вработениот кој има семејство за издржување, за потребите на работодавачот е распореден на работно место што е надвор од местото за кое засновал работен однос и е надвор од местото на живеење; | Теренски додаток во зависност од обезбедените услови за работа на терен (***сместување, исхрана и сл.).*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | КД за Д**ржавна управа, Стручни служби на Влада на РСМ, Судовите, Јавните обвинителства, Казнено-поравните и Воспитно-поравните установи, Државното прав-обранителство, Општините, Градот Скопоје и Општините на градот Скопје, Агенвиите, Фондовите и други Органи основани од Собранието на РСМ** (51/20, 172/21); | / | Во зависност од обезбедените слови за работа на терен (***сместување и исхрана***), во висина утврдена со поединечен колективен договор или акт на работодавачот. |
| 3. | КД за Министерство за **ВНАТРЕШНИ** работи 69/15; | Согласно Законот за Извршување на Буџетот на РМ. | Во висина **од 30%** од основицата. |
| 4. | КД за **ЗДРАВСТВЕНА** дејност на македонија 60/06, 219/19; | Во висина **од 60%** од основицата. | Во зависност од обезбедените услови за престој на работник на терен (сместување , исхрана**), но не повеќе од 60%.** |
| 5. | КД за Министерство за **ОДБРАНА** 108/13; | Согласно Законот за Извршување на Буџетот на РМ. | Согласно КД за јавен сектор. |
| 6.. | КД за **ОСНОВНО** образование во РМ 24/09; 39/10; | Согласно КД за јавен сектор. | Согласно КД за јавен сектор. |
| 7. | КД за **СРЕДНО** образование 24/09; 39/10. | Согласно КД за јавен сектор. | Согласно КД за јавен сектор. |

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.**

# ФИНАНСИИ

дипл.економист: Марика Лекоска

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА КАМАТА (ЗА ПЕРИОД ОД 01.07 ДО 31.12.2024)

***Согласно Објавата на Народна Банка на РСМ бр.22635/1 од 17.06.2024 година, референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата за период од 01.07 до 31.12.2024 година изнесува 6,30%.***

### *ВОВЕД*

Казнена камата преставува надомест за стварната или претпоставената штета, што ја трпи доверителот, поради тоа што е лишен од употреба на своите пари, заради задоцнување на должникот.

Казнена камата, претставува казна за неуредниот должник, односно средство за притисок, со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврската.

Доверителот има право на казнена камата, без разлика дали претрпел штета поради должниковото доцнење.

Ако штетата, што ја претрпел доверителот, поради должниковото доцнење, е поголема од износот што би го добил на име на казнена камата, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.

***До 31.01.2010 година,*** пресметката на затезната камата се вршеше согласно Законот за висината на стапката на затезна камата ("Службен весник на РМ" 65/92; 70/93), односно ***со примена на конформна метода*** и со ***стапка на затезна кама-та во висина на есконтната стапка, што ја утврдуваше НБРМ, зголемена за 200%.***

Новиот начин на пресметка на казнена **камата, почнувајки од 01. 02. 2010 година, се врши согласно член** 266 до 268-а, од Измената на Законот за Облигациони односи ("Службен весник на РМ" 161/09) и Одлуката за референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата, која ја објавува Народна Банка на РС Македонија.

### *1. КАЗНЕНА ЗАТЕЗНА КАМАТА*

Согласно член 266 од Законот за Облигациони односи ("Службен весник на РМ" 18/01; 4/02; 5/03; 84/08; 81/09; 161/09; 123/13, 215/21; 154/23), должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска, ***долгува, покрај главнината и казнена камата.***

Стасаноста на обврската за плаќање на казнена камата, се определува согласно со правилата на законот, што се однесуваат на определувањето на времето на исполнување на обврските.

Доколку стасаноста не може да се определи на овој начин, а станува збор за побарување од прометот на стоки и услуги, меѓу трговци или трговци и лица на јавното право, обврската за плаќање на казнената камата, стасува во еден од следниве денови, без потреба од доставување опомена:

- **30 дена** од денот на приемот на фактурата или соодветното барање за исплата или;
- **ако денот на приемот** на фактурата или соодветното барање за исплата, не може да се определи со сигурност, 30 дена по приемот на стоките или услугите или;
- **ако должникот** ја прими фактурата или соодветното барање за исплата, пред приемот на стоките и услугите, 30 дена од приемот на стоките или услугите или;
- **ако со закон** или договор е предвидена постапка за прием или потврдување, со која се утврдува сообразноста на стоките или услугите, а должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата, пред или на денот на приемот или потврдувањето, **30 дена** од денот на приемот, односно потврдувањето.

## 2. ВИСИНА НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА

### 2.1. За денарски обврски

Согласно член 266-а **од Законот,** стапката на казнената камата, се определува **за секое полугодие** и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Македонија **(референтна стапка),** што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за :

- **10 (ДЕСЕТ)** процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, (**односно помеѓу две правни лица**);
- **8 (ОСУМ)** процентни поени во договорите, во кои барем едното лице не е трговец - законска казнена камата **(помеѓу правно и физичко лице).**

### 2.2. За девизни обврски

Кога паричната обврска е изразена или определена во **СТРАНСКА ВАЛУТА,** стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечна стапка на **Еурибор** за евра, што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за:

- **10 (ДЕСЕТ)** процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, (**односно помеѓу две правни лица** );
- **8 (ОСУМ)** процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец - законска казнена камата (**односно помеѓу правно и физичко лице).**

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата, што важела на денот на склучување на договорот (**договорна казнена камата**), но само кај трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, но **најмногу до 50 проценти,** повисока, од утврдената законска казнена камата.

Целосно или делумно е ништовна одредбата, со која се договара стапка, повисока од стапката на законската казнена камата, ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската, произлегува дека со вака договорената стапка на казнена камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.

При оценувањето, дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната казнена камата е ништовна, предвид ќе се земе и дали постоеле оправдани причини за отстапување од висината на стапката на законската казнена камата.

Како лица на јавното право, во смисла на законот, се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, (државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје, правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес, здруженија основани од еден или повеќе државни органи, јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност, во кои државата има доминантно директно или индиректно влијание, преку сопственост над нив), освен трговците.

***НАПОМЕНА*: Народната банка на РС Македонија е должна на секој 2 јануари и на секој 1 јули, да ја објавува референтната стапка на својата веб страница, која се применува за тековните шест месеца (до крајот на полугодието).**

### *3. ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА*

Согласно измената на член 266-в од Законот, пресметката на казнената камата, се врши со примена на декурзивниот едноставен каматен метод на стасаната главнина, **без зголемување на главнината, со пресметаната камата.**

Кога пресметката на казнената камата, **се врши за пресметковен период подолг од една година**, износот на долгуваната казнена камата, се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 100.***

Кога пресметката на казнената камата **се врши за пресметковен период, покус од една година**, износот на долгуваната казнена камата, се добива така што, производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 36.500, односно со бројот 36.600, кога годината е престапна.***

### *3.1. Висината на казнена (затезна) камата за период од 01.07. до 31.12.2024 година*

Врз основа на член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи и точка 3 од Одлуката за референтна стапка за пресметување на стапката на казнена камата, ("Службен весник на РМ" 139/08; 13/10), Народната Банка на Република Македонија, согласно ***Одлука бр. 022635/1 од 17.06.2024*** година, **ОБЈАВИ** дека референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата, за период од ***01.07 до 31.12.2024*** година изнесува:

**6,30%**

#### 3.1.1. Парична обврска изразена во домашна валута

*а) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***две правни лица:***

| | |
|---|---|
| - Референтна стапка; | **6,30%** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **10%** |
| - Стапка на законска казнена камата **(6,30% + 10%)**; | **16,30%** |

*б) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***физичко и правно лице:***

| | |
|---|---|
| - Референтна стапка**;** | **6,30%** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **8%** |
| - Стапка на законска казнена камата **(6,30% + 8%);** | **14,30%** |

### 3.1.2. Парична обврска во СТРАНСКА ВАЛУТА

Кога паричната обврска е изразена во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечната стапка на **Euribor** за евра, што важела на последниот ден на полугодието, што му претходило на тековното полугодие.

*а) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***две правни лица:***

| | |
|---|---|
| - Едномесеча стапка на **Euribor** (**за I полугодие**); | **(3,845%)** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **10%** |
| - Стапка на законска казнена камата **(3,845% + 10%);** | **13,845%** |

*б) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***физичко и правно лице:***

| | |
|---|---|
| - Едномесеча стапка на **Euribor** (**за I полугодие);** | **(3,845%)** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **8%** |
| - Стапка на законска казнена камата (**3,845% + 8%);** | **11,845%** |

**НАПОМЕНА: До 01 Февруари 2010 година за пресметка на затезна камата се применуваше комфорниот метод, кој претпоставуваше капитализација на каматите на месечно ниво.**

### *3.2. Пресметка на казнена (затезна) камата за период ПОДОЛГ од една година*

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период ***подолг од една година,*** износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 100 (сто).***

Кога пресметката на казнената камата, се врши за пресметковен период ***ПОДОЛГ ОД ЕДНА ГОДИНА***, формулата за пресметката е следната:

$$K = \frac{G \times Y \times p}{100}$$

**K –** Казнена камата;
**G –** Главнината **(долг, односно побарување);**
**Y –** Број на години за кои се пресметува каматата;
**p –** Стапка на казнена камата.

**ПРИМЕР:** Друштвото **"НОРА"** ДОО од Скопје на 01.05.2023 година, продало трговска стока на Друштвото **"МАКО"** ДОО од Скопје во износ од 400.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 01.10.2023 година, но купувачот стоката ја платил на 01.05.2024 година.

Стапката на казнена камата, **изнесува 16,30%.**
**Година на доцнење: 1 година.**

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{400.000 \times 1 \times 16{,}30}{100} = 65.200{,}00 \text{ денари}$$

### *3.3. Пресметка на казнена (затезна) камата за период ПОКРАТОК од една година (помеѓу две правни лица)*

Кога пресметката на казнената камата, се врши за пресметковен период ***пократок од една година,*** износот на долгуваната казнена камата, се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување ***ќе се подели со бројот 36.500, односно со бројот 36.600, кога годината е престапна.***

Кога пресметката на казнената камата се врши за период ***ПОКРАТОК ОД ЕДНА ГОДИНА,*** формулата за пресметка е следната:

$$K = \frac{G \times Y \times P}{36.500\ (36.600)}$$

**K –** Казнена камата;

**G –** Главнината (**долг, односно побарување);**

**Y –** Број на години за кои се пресметува каматата;

**P–** Стапка на казнена камата.

**ПРИМЕР:** Друштвото **“ХИПО”** ДОО од Скопје на 15.03.2024 година, продало трговска стока на Друштвото **“ТИГО”** ДОО ОД Скопје во износ од 150.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 20.03.2024 година, но купувачот стоката ја платил на 20.04.2023 година.

**Денови на задоцнување: 35.**

Стапка на казнена камата за **II** полугодие 2024 година, изнесува **16,30%.**

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{150.000 \times 35 \times 16,30}{36.600} = 2.338,00 \text{ денари.}$$

**НАПОМЕНА: Кога пресметката на казнената камата се врши помеѓу правно и физичко лице, се зема стапката соодветна за периодот за кој се пресметува казнената камата, утврдена за соодветниот период, според дадениот Преглед на висината на стапка на казнена и договорна камата, даден на крајот на текстот.**

**Идентичен резултат, се добива и со примена на пропорционален метод:**

$$PS = \frac{P \times D}{366}$$

**Ps** – Пропорционална стапка за n денови;

**p** - пропишана годишна стапка;

**d** - број на денови за кои се пресметува каматата.

$$PS = \frac{16,30 \times 35}{366} = 1,559\%$$

**150.000 x 1,559% = 2.338,00 денари.**

***КНИЖЕЊЕ:***

1251 - Побарувања за казнена камата 2.338,00
7742 - Приходи од казнени камати 2.338,00
**- (*по каматна листа*);**

1000 - Трансакциска сметка 2.338,00
1251 - Побарувања за казнена камата 2.338,00
**- (*по извод*).**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА ЗА ДОГОВОРИ МЕЃУ ПРАВНИ ЛИЦА, КОГА ЛИЦЕТО ПЛАЌА ДЕЛ ОД ДОЛГОТ*

**ПРИМЕР:** Друштвото **"ТОРА"** ДОО од Скопје на 20.01.2024 година, продало трговска стока на Друштвото **"МАКС" ДОО** од Скопје во износ од 250.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 07.02.2024 година, но купувачот дел од долгот во износ од 120.000,00 денари, го платил на 15.02.2024 година, со задоцнување од 8 дена, а остатокот од долгот на 01.03.2024 година.

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{250.000 \times 8 \times 16,30}{36.600} = 891,00 \text{ денари.}$$

$$K = \frac{130.000 \times 13 \times 16,30}{36.600} = 753,00 \text{ денари.}$$

## *5. СТАПКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА ЗА ДРУГИТЕ ВИДОВИ НА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ*

Согласно член 266-б од Законот на паричните обврски, што произлегуваат од другите видови на облигациони односи, се применува стапката на законска казнена камата, за договорите, во кои барем едното лице не е трговец ***(физичко лице***), за соодветната валута, односно казнената камата се одредува, кога референтната стапка на последниот ден од полугодието, ***ќе се зголеми за осум процентни поени (8%).***

Во останатите видови облигациони односи, спаѓаат: причинување штета, работоводство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е издршката.

Кога долгот е изразен или определен во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие ***и тоа во висина на едномесечна стапка на Еурибор*** за евра, што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, ***зголемена за 8 (осум) процентни поени.***

### *5.1. Утврдување стапка на законска казнена камата, кај останати видови облигациони односи*

#### 5.1.1. Утврдување на стапка на законска казнена камата

- Референтна каматна стапка на НБРМ **6,30%**
- Зголемување на каматна стапка **8%**
- Стапка на законска казнена камата за второ полугодие (**6,30% + 8%)** **14,30%**

#### 5.1.2. Утврдување на едномесечна стапка на Еурибор

- Едномесечна стапка на Еурибор во евра **(3,845%)**
- Зголемување на каматна стапка **8%**
- Стапка на законска казнена камата за второ полугодие **(3,845 + 8%)** **11,845%**

## *6. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ДОГОВОРНАТА КАМАТА*

Согласно член 388 од Законот, стапката на договорната камата, во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, **се определува договорно, но не повисоко од стапката на законската казнена камата,** утврдена во членот 266-а од Законот, зголемена **најмногу за 50 проценти.**

**Пример:**

- **Стапка на законска казнена камата 16,30%**
- **Износ за зголемување на стапката на законска казнена камата (16,30% x 50%) 8,15%**
- **Стапка на договорна камата (16,30% + 8,15%) 24,45%**

Стапката на договорната камата, во договорите меѓу лица **од кои барем едното не е трговец**, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

Ако во договорите меѓу лица, **од кои барем едното не е трговец, е договорена повисока каматна стапка** од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка, за соодветната валута.

**Целосно или делумно е ништовна одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата,** ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската, произлегува дека со вака договорената стапка на договорна камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан **очигледен несразмер,** меѓу правата и обврските на договорните страни.

При оценувањето, дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата е ништовна, предвид ќе се земе и кои биле причините, за така определената висина на стапка на договорната камата.

Ако во трговските договори или договорите меѓу трговци и лица на јавното **право е договорена повисока стапка на договорна камата, од стапката на законската казнена камата**, а притоа не е договорена договорна казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска, тече само договорната камата.

***Ништовна е одредбата на договорот, која предвидува истовремено течење и пресметување на договорна казнена камата и законска казнена камата.***

Доколку во договорите помеѓу лица, од кои барем едното не е трговец (***граѓанско лице***) е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка, за соодветната валута.

**НАПОМЕНА: Дозволено е слободно определување на стапката на договорената камата, со тоа што истата не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата,** ***зголемена најмногу за 50%.***

Според последната измена, произлегува дека највисоко дозволената стапка е различна зависно од видот на валутата, односно зависно од тоа дали долгот е денарски или девизен.

Во насока на ова е и решението, според кое, ако во договорите помеѓу лица, од кои барем едното не е трговец (***граѓанин***), е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисока дозволена каматна стапка, за соодветна валута.

### *6.1. Пресметка на каматата, кога не е определена стапката*

Согласно член 388 став 6 од Законот, ако плаќањето на каматата е договорено, **а не е определена нејзината стапка**, во договорите меѓу лицата од кои барем **едното не е трговец,** се применува каматна стапка ***во висина од 1/3 една третина од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута***, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право, се применува каматна стапка ***во висина од 1/2 една половина од стапката на законската казнена камата за соодветната валута***, определена според одредбите на законот.

Доколку плаќањето на каматата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец (***односно е граѓанско лице***), се применува каматна стапка во висина од ***1/3*** (***една третина), од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.***

6.1.1. Пример за утврдување на стапка во договори лицата од кои барем едното **НЕ Е** помеѓу **ТРГОВЕЦ**, односно е граѓанско лице ***(правно - физичко)***

| | |
|---|---|
| • **Законска казнена камата** | **14,30%** |
| • **1/3 од законска казнена камата (14,30% : 3)** | **4,76%** |
| • **Стапка на договорна камата** | **4,76%** |

Ако плаќањето на каматата е договорено, **а не е определена нејзината стапка**, во трговските договори или договорите помеѓу трговци и лицата на јавното право, се применува каматна стапка ***во висина од 1/2 (една половина), од стапката на законската казнена камата за соодветна валута***, според одредбите на Законот за Облигациони односи.

6.1.2. Пример за утврдување на стапката во трговски договори или договорите помеѓу трговци и лицата на јавното право
***(правно - правно)***

| | |
|---|---|
| • **Законска казнена камата** | **16,30%** |
| • **½ од законска казнена камата (16,30% : 2)** | **8,15%** |
| • **Стапка на договорна камата** | **8,15%** |

## *7. НОВИ ПРАВИЛА ЗА СТАСАНА, А НЕИСПЛАТЕНА ДОГОВОРНА КАМАТА*

Со измените и дополнувањата на Законот за облигациони односи ("Службен весник на РС Македонија" 215/21; 154/23) се додаде нов член 389-а, **кој се однесува на договорната камата**.

Со измената на членот 389-а, се дефинира дека:

- **Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата, ќе го достигне износот на главнината, КАМАТАТА ПРЕСТАНУВА ДА ТЕЧЕ.**
- **Одредбата од овој нов член, се применува и за неплатената камата од 1 јануари, по годината во која стапката на инфлацијата била во рамките на умерена инфлација, односно до 50% на годишно ниво.**
- **Одредбите од новиот член 389-а не се применуваат од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата е во рамките на голема инфлација, односно над 50% на годишно ниво.**
- **Одлука за прогласување на година на ниска (до 3%), умерена (од над 3% до 50%) или висока инфлација (над 50%) донесува Советот на НБРСМ.**
- **Измените се во примена од 01.10.2021 година.**

**ПРИМЕР:** Доколку одреден граѓанин или фирма, имал долг од пред 10 години, на сума од 1.000 денари, износот на каматите што му се насобрале со години и кои на крајот ќе треба да ги плати, да не бидат повисоки од 1.000 денари.

Или, тој граѓанин или фирма, за овој долг од 1.000 денари, на крајот не треба да плати сума, повисока од 2.000 денари.

**НАПОМЕНА: Согласно Законската одредба од член 389-а, кога каматата ќе го достигне износот на главнината на долгот, таа престанува да се пресметува.**

Согласно член 388-б од Законот, ништовна е одредбата на договорот со која се предвидува дека на каматата, кога ќе пристигне за исплата, **ќе почне да тече камата доколку не биде исплатена по нејзиното пристигнување**, освен за депозитите кај банките, штедилниците и другите финансиски институции.

Дозволена е договорена одредба, со која однапред се договара зголемување на годишната каматна стапка, до највисоко дозволената, **во случај должникот навреме да не ги исплати пристигнатите договорни камати.**

Одредбите за договорната камата, сообразно важат и за другите обврски, што за предмет имаат предмети определени според родот.

**НАПОМЕНА: Ако во трговските договори или договорите помеѓу трговци и лица на јавното право е договорена повисока стапка на договорна камата, од стапката на законската казнена камата, а притоа не е договорена законска казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска, тече само договорната камата.**

Ништовна е одредбата на Договорот, која предвидува истовремено течење и пресметување на договорна и законска казнена камата.

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 31.12.2024 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на ЕУРИБОР | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,364% | 9,636% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **38458 30.12.2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,373% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12.2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06.2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12.2018** | -0,363% | 9,637% | 7,637% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06. 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| 03.04-30.04. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **11011 03.04.2020** | -0,423% | 4,577% | 3,577% |
| 01.05-31.05. 2020 (**вонред-на состојба**) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **12262 29.04.2020** | -0,460% | 4,540% | 3,540% |
| 01.06-30.06. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,50% | 6,50% | 5,50% | **14004 29.05.020** | -0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07-31.12. 2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **15997 30.06.2020** | -0,510% | 9,490% | 7,490% |
| 01.01-30.06. 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **31368 24.12.2020** | -0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07-31.12. 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **19476 29.06.2021** | -0,555% | 9,445% | 7,445% |
| 01.01-30.06. 2022 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **37790/1 28.12.2021** | -0,583% | 9,417% | 7,417% |
| 01.07-31.12. 2022 | 2% | 12% | 10% | **21955/1 17.06.2022** | -0,508% | 9,492% | 7,492% |
| 01.01-30.06. 2023 | 4,75% | 14,75% | 12,75% | **42045/1 22.12.2022** | 1,884% | 11.884% | 9.884% |
| 01.07-31.12. 2023 | 6% | 16% | 14% | **22731/1 26.06.2023** | 3,399% | 13,399% | 11,399% |
| 01.01-30.06. 2024 | 6,30% | 16,30% | 14,30% | **42628/1 28.12.2023** | 3,845% | 13,845% | 11,845% |
| **01.07-31.12. 2024** | **6,30%** | **16,30%** | **14,30%** | 22635/1 17.06.2024 | **3,845%** | **13,845%** | **11,845%** |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл.правник: Елена Јандриоска*

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНА УПРАВА

***По подолг период, се извршија измени во ораниазционата структура, поставеноста и ингеренциите на органите на државната управа, со основна цел - подобрување на ефикасноста, рационалноста и формирање тела и органи за исполнување на обврските предизвикани со новите технологии и еколошките предизвици.***

### *ВОВЕД*

Во Службен Весник на РСМ 121 од 10 јуни 2024-та година е донесен новиот Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, врз основа на кој се прави целосна реорганизација на органите на државната управа.

Во основата на новиот закон е овозможување на раздвојување на функцијата на креирање политики од една страна и контролно-инспекциската функција, од друга страна. Имено, органот кој креира политики и прописи и/или издава одобренија, дозволи, лиценци и слично, не треба самиот да врши и инспекциски надзор, односно да има инспекциска функција.

Основни начела врз основа на кои се изработени новите измени на Законот се:

1. „Едно министерство - еден инспекторат“ што значи поврзување на неколкуте инспекциски служби, кои имаат статус на органи во состав на исто министерство;

2. Издвојување на инспекциските служби со статус на организациски единици, од рамките на министерствата или другите органи на државната управа;

3. Укинување на дел од инспекторатите со недоволен капацитет и пренос на функцијата кон друг сроден инспекторат;

4. Окрупнување на инспекциските служби (спојување, припојување) во случаи кога постои сродност, комплементарност или преклопување на надлежности.

Со новиот закон се формирани и нови министерства, врз основа фактот што некои органи на државната управа и управни организации, како и самостојните органи, не се функционални и не ја исполнуваат основната нивна функција, односно истите не функционираат за поефикасно остварување на правата, должностите и интересите на граѓаните и правните лица. Преку укинување на некои институции и формирање на нови како и спојување на одредени институции се дава јасен преглед на нивната улога во извршувањето на функциите на државата во корист на граѓаните. Прецизната распределба на надлежностите исто така придонесува кон функционални органи на државната управа.

Со законот се поставуваат јасни критериуми преку кои ќе се елиминира преклопувањето на надлежности и ќе се подобри ефикасноста и функционирањето на органите на државната управа и преку реорганизацијата се овозможува рационализирање на функциите, одговорностите и надлежностите на органите на државната управа преку новото Министерство за спорт, Министерство за европски прашања, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и останатите.

Целта на новиот Закон за организација и работа на органите на државната управа е реорганизација на министерствата и органите на државната управа, на начин што ќе овозможи нивно правилно функционирање, непоклопување на надлежностите и соодветна линија на отчетност врз основа на претходно дефинирани показатели на успешност на работа на институциите.

Реорганизацијата на министерствата и другите органи на државната управа е извршена со цел прилагодување на нивната работа на современите потреби на функционирањето на органите на државната управа, особено во смисла на поставување на поголем фокус на работите во областите на енергетиката, минералните суровини, рударството, како и на спортот. Во смисла на надлежностите, министерствата добиваат појасни надлежности,

се разграничуваат испреплетените надлежности помеѓу постојните министерства и се овозможува простор да рамковното регулирање на органите на државната управа, биде точно утврдено со материјални закони.

Врз основа на член 11 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, се основаат следниве министерства:

1. Министерство за одбрана;
2. Министерство за внатрешни работи;
3. Министерство за правда;
4. Министерство за односи меѓу заедниците;
5. Министерство за надворешни работи и надворешна трговија;
6. Министерство за европски прашања;
7. Министерство за финансии;
8. Министерство за економија и труд;
9. Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини;
10. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
11. Министерство за здравство;
12. Министерство за образование и наука;
13. Министерство за социјална политика, демографија и млади;
14. Министерство за локална самоуправа;
15. Министерство за култура и туризам;
16. Министерство за дигитална трансформација;
17. Министерство за јавна администрација;
18. Министерство за транспорт;
19. Министерство за животна средина и просторно планирање и
20. Министерство за спорт.

## *2. ПОСТОЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА*

**Министерството за одбрана** ги врши работите што се однесуваат на:

– остварувањето на системот на одбраната на независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија;

– планирањето, организацијата, опремувањето, развојот и подготвувањето на Армијата на Република Македонија и спроведувањето на утврдените планови;

– организирањето и подготвувањето за одбрана;

– организирањето и спроведување на обуката за одбрана;

– надзорот од негова надлежност и

– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за внатрешни работи** ги врши работите што се однесуваат на:

– остварување на системот на јавната безбедност;

– пријавувањето на живеалиштето и престојувалиштето;

– државјанството и патните исправи за премин на државната граница;

– движењето и престојот во граничниот појас;

– обезбедувањето на државната граница, контролата на преминување на државната граница, како и определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и другите повреди на границата;

– престојот и движењето на странците;

– производството, прометот, складирањето и заштитата од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали;

– укажувањето на помош при елементарни непогоди и епидемии;

– набавувањето, поседувањето, носењето и контролата на обележувањето на оружјето и муницијата;

– надзорот од негова надлежност и

– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за правда** ги врши работите што се однесуваат на:

– судството, јавното обвинителство, јавното правобранителство;

– кривичната одговорност и одговорноста за прекршоци;

– нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош;

– наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи;

– меѓународната правна помош;

– извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци;

– организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи;

– амнестијата и помилувањето;

– судските вештачења, експертизи и супер-вештачења;

– изборниот систем, водењето евиденција на избирачкото право;

– кривичната, прекршочната, парничната, вонпроцесната, извршната постапка;

– вршењето на работите што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа и

– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за односи меѓу заедниците** ги врши работите што се однесуваат на:

– обезбедување и координација на поддршка на Владата во реализација на стратешкиот приоритет поврзан со обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор,

– обезбедување и реализација на финансиски средства потребни за успешно одвивање на процесот на реализација на обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор во рамките на Буџетот на Република Македонија и од донаторите,

– обезбедување на координација и усогласување на работата на органите на државната управа за спроведување на Рамковниот договор,

– унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците како група на државјани на Република Северна Македонија, а која традиционално живеат на територијата на Република Северна Македонија, при што нејзините припадници имаат различни етнички, јазични, културни, религиозни или други особености и ги води желбата за заштита и негување на тие особености,

– следење на спроведувањето на правото на употреба на јазиците и писмата на заедниците,

– гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на заедниците,

– меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на односите меѓу заедниците,

– други прашања што се однесуваат на политичкиот живот и односите меѓу заедниците,

– следење на состојбата во односите помеѓу заедниците во Република Северна Македонија на национално ниво, по региони и во единиците на локалната самоуправа и изготвување извештаи и препораки до Владата на Република Северна Македонија, како и до Комитетот за односи меѓу заедниците,

– промовирање и преземање на мерки за унапредување на употребата на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија,

– давање на стручни мислења по материјалите кои се во функција на спроведување и унапредување на употребата на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија,

– давање на поддршка на Владата во обезбедување на правичната и соодветната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа,

– давање на поддршка во подготвувањето на методологија за донесување на акциони планови на Владата во областа на правичната застапеност при вработувањето,

– давање на поддршка во координација на активностите со органите на државната управа и со донаторите и

– врши и други работи утврдени со закон.

**Министерството за надворешни работи и надворешна трговија** ги врши работите што се однесуваат на:

– надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија;

– воспоставувањето, развивањето и координирањето на односите, претставувањето и афирмирањето на Република Македонија на меѓународен план;

– заштита на интересите, правата и имотот на Републиката и нејзините државјани и на домашните правни лица во странство;

– координирањето и известувањето за политиката од надлежноста за која е основано;

– грижата за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји;

– организацијата и раководењето со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија, како и организирање на системот на врски со нив;

– склучувањето, ратификувањето и чувањето на меѓународните договори;

– определувањето и одбележувањето на државната граница;

– комуникацијата и соработката со странските дипломатски и конзуларни претставништва на странски држави и мисии на меѓународни организации во Република Македонија;

– акредитацијата на амбасадори, приемот на Акредитивни писма, издавањето привилегии и имунитети на странски дипломатски претставништва и претставништва на меѓународни владини организации и други работи во врска со именувањето и отповикувањето на амбасадори на Република Македонија во странство;

– собирањето, проучувањето и грижата за странската и домашната документација од негова надлежност;

- следењето на меѓународните стопански движења,како и нивното влијание врз економските односи во Републиката;

- надворешнотрговското работење;

- подобрување на економските односи со странство;

- предлагање и спроведување мерки од областа на економските односи со странство, следење на меѓународните економски односи и мултилатералната, регионалната и билатералната соработка со други земји и организации и нивниот развој;

- креирање, спроведување, предлагање и подобрување на режимот на надворешната трговска политика,вклучувајќи мерки за заштита во надворешната трговија;

- усогласување на прописите на надворешнотрговската размена со прописите на Европската Унија и Светската трговска организација и на други мултилатерални институции и организации и нивно спроведување;

- склучување и следење на спроведувањето на меѓународните трговски договори и договори и

– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за финансии** ги врши работите што се однесуваат на:

– системот на финансирање;

– трезорскиот систем;

– царинскиот систем;

– даночниот систем и даночната политика;

– системот на девизното работење;

– системот на банките и штедилниците и други финансиски институции;

– системот на сметководството, ревизијата и платниот промет;

– заемите и кредитите;

– макроекономската политика и политиката за развој на националната економија;

– подготвувањето проекција на платниот биланс;

– подготвувањето и следењето на макроекономските биланси;

– осигурувањето на имот и лица;

– игрите на среќа;

– изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Македонија и на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија;

– сопственоста и други имотно-правни односи;

– стоковните резерви;

– надзорот од негова надлежност и

– врши други работи утврдени со закон.

Министерството за економија и труд ги врши работите што се однесуваат на:

– следењето на состојбата и појавите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика;

– следењето на економските, структурните и техничко-технолошките состојби и предлагање на мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, угостителството и занаетчиството;

– преземањето мерки против монополската положба и монополското однесување;

– следењето на тековните материјални биланси и снабдувањето на граѓаните со основните прехранбени производи и други стоки за широка потрошувачка и на претпријатијата со суровини и репроматеријали;

– системот и политиката на цени на производи и услуги;

– подготвувањето програма за глобален материјален развој на човечките ресурси;

– заштитата на потрошувачите;

– малите и средните претпријатија и задругарството;

– работните односи, вработувањето и вработеноста;

- заштитата на работниците при работењето;

- материјалното обезбедување на привремено невработените;

- платите и животниот стандард;
– надзорот од негова надлежност и
– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** ги врши работите што се однесуваат на:
– земјоделството, шумарството и водостопанството;
– користењето на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства;
– ловот и риболовот;
– заштитата на растенијата од болести и штетници;
– спроведување на политиката во областа на безбедноста на храна и храната за животни и ветеринарното здравство,
– следењето и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите;
– хидромелиоративните системи;
– хидролошките и агрометеоролошките мерења, како и противградобијната заштита;
– проучувањето и истражувањето на метеоролошките, хидролошките и биометеоролошките појави и процеси;
– надзорот од негова надлежност и
– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за здравство** ги врши работите што се однесуваат на:
– здравствената заштита и здравственото осигурување на населението;
– загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните продукти;
– организацијата и развојот на здравството;
– следењето на здравствената состојба на населението;
– заштитата на населението од заразни болести, од штетното влијание на гасовите, јонизирачките зрачења, бучавата, загаденоста на воздухот, водата и земјиштето;
– предмети за општа употреба;
– хигиено-епидемиолошката состојба;
– лековите, помошните лековити средства, медицинските помагала, медицинската опрема, санитетските уреди и материјали;
– отровите и опојните дроги;
– надзорот од негова надлежност и
– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за образование и наука** ги врши работите што се однесуваат на:

– воспитанието и образованието од сите видови и степени;

– организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката;

– воспитанието и образованието на децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство;

– верификацијата на струките и профилите во образованието;

– ученичкиот и студентскиот стандард;

– меѓународната научно-техничка соработка;

– надзорот од негова надлежност и

– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за социјална политика, демографија и млади** ги врши работите што се однесуваат на

– пензиско-инвалидското осигурување;

– социјалната политика;

– хуманата популациона политика заради усогласен економски социјален развој;

– правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница;

– односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето;

– унапредувањето на рамноправноста на половите;

– заштитата на децата и малолетните лица;

– заштитата на младината и жените;

– заштитата на лицата со пречки во развојот;

– заштитата на цивилните инвалиди од војната и на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба;

– заштитата на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција;

планирање на семејството;

- семејството и децата;

- подготовката и развојот на демографската политика и политиката поврзана со миграциите;

- подготовката и развојот на политиката за млади;
- грижата за психофизичкиот развој на младите и нивната заштита;
- поттикнувањето и помагањето на формите на младинско организирање;
- преземањето активности за создавање услови за задржување во Републиката на способните и талентирани млади, како и создавањето услови за стимулирање на нивното враќање;
- поттикнување на вработливоста на младите;
– надзорот од негова надлежност и
– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за локална самоуправа** ги врши работите што се однесуваат на:

– следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа;
– следењето на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа;
– предлагањето на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен регионален развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја;
– остварувањето и користењето на средствата наменети за стопански недоволно развиените подрачја;
– надзорот од негова надлежност и
– врши други работи утврдени со закон.

**Министерството за култура и туризам** ги врши работите што се однесуваат на:

– следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој и унапредување на културата;
- примената, заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
– организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето на програми и проекти од национален интерес во оваа област;
– заштитата на културното богатство;
– издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и ки-

нотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата;

– заштитата на авторското право и сродните права;

– споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;

- интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности;

- развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот;

- промоцијата на туризмот во земјата и во странство;

- подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките места и производи;

- истражувањето на туристичкиот пазар и развој на туристички информациски систем;

- условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции;

– надзорот од негова надлежност и

– врши и други работи утврдени со закон.

**Министерството за транспорт** ги врши работите што се однесуваат на:

– патниот сообраќај и патната инфрастуктура;

– железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура;

– воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура;

– внатрешната пловидба;

– поштенскиот сообраќај и поштенската инфрастуктура;

– други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичари и ски-лифтови и слично);

– станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката и

– врши и други работи утврдени со закон.

**Министерството за животна средина и просторно планирање** ги врши работите што се однесуваат на:

– следењето на состојбата на животната средина;

– заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;

– заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитните области;

– реставрацијата на загадените делови од животната средина;

– предлагањето мерки за третман на цврст отпад;

– просторното планирање;

– просторниот информативен систем;

– надзорот од негова надлежност и

– врши и други работи утврдени со закон.

### *3. НОВИ И МИНИСТЕРСТВА СО ПРОШИРЕНИ ИНГЕРЕНЦИИ*

Со новата реорганизација се воспоставуваат нови министерства и се врши раздвојување на делови од постоечките кон ново формираните или само со превземање на функциите од веќе постоечките министерства.

#### *3.1. Министерство за европски прашања*

Долгиот и се уште не сигурен пат кон евроинтеграциските процеси на Македонија, нема завршница на повидок. Новата организациона структура треба да го забрза патот кон интеграцијата со ЕУ, како и да го подготви и олесни пристапувањето и осигури исполнување на преземените обврски по основ на евроинтегративните процеси.

Министерството за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на:

- обезбедување на координација и усогласување на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготвување на Републиката за членство во Европската Унија, вклучително и за преговори за членство во Европската Унија;

- обезбедување на координација на активностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Републиката и Европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Републиката и Европската Унија, како и на работните тела формирани во рамките на склучената спогодба и другите договори со Европската Унија;

- обезбедување на координација на процесот на подготвување на македонската верзија на правото на Европската Унија (acquis communautaire);
- обезбедување на координација заради усогласување на работата на претставниците на Републиката во институциите и телата на Европската Унија;
- обезбедување на координација заради усогласување на работата на Републиката како држава членка на Европската Унија;
- обезбедување на координација на странската помош од Европската Унија и нејзините земји членки и другата странска помош поврзана за реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Републиката во Европската Унија;
- информирање на јавноста за активностите поврзани со процесот на европска интеграција и европските прашања;
- како и други работи поврзани со Европската Унија кои ќе ги определи Владата и
- врши други работи утврдени со закон.

### *3.2. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини*

Новоформираното министерство кое превзема обврски од веќе постоечките министерства, заради зголемување на капацитетите од примарниот и секундарен сектор поврзани со екстрактивно - енергетскиот сектор. Посебен акцент е ставен на енергетиката која од повеќе аспекти треба да добие приоритетен третман, имајќи ги во предвид светските трендови и потреби.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги врши работите што се однесуваат на:

- енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија, природен гас, нафта и деривати на нафта, топлотна енергија и термални води, како и други видови енергија и нивна експлоатација;
- снабдувањето со енергија;
- спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост;
- стратегијата и политиката за енергетска безбедност;

- рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија;
- координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции;
- рударството, стратегија и политика за развој на рударството;
- експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси;
- геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини;
- изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;
- надзорот од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон.

Во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини е Бирото за метрологија кое има својство на правно лице.

### *3.3. Министерство за социјална политика, демографија и млади*

Новонаименуваното Министерство превзема дел од ингеренциите кои претходно припаѓаа на Министерството за труд и социјална политика.

Дел од функциите се пренесуваат во Министерството за економија и труд, а поголемиот дел останува во преименуваното Министерство.

Министерството за социјална политика, демографија и млади ги врши работите кои се однесуваат на:

– пензиско-инвалидското осигурување;
– социјалната политика;
– хуманата популациона политика заради усогласен економски социјален развој;
– правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница;
– односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето;
– унапредувањето на рамноправноста на половите;
– заштитата на децата и малолетните лица;
– заштитата на младината и жените;

– заштитата на лицата со пречки во развојот;

– заштитата на цивилните инвалиди од војната и на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба;

– заштитата на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција;

- планирање на семејството;

- семејството и децата;

- подготовката и развојот на демографската политика и политиката поврзана со миграциите;

- подготовката и развојот на политиката за млади;

- грижата за психофизичкиот развој на младите и нивната заштита;

- поттикнувањето и помагањето на формите на младинско организирање;

- преземањето активности за создавање услови за задржување во Републиката на способните и талентирани млади, како и создавањето услови за стимулирање на нивното враќање;

- поттикнување на вработливоста на младите;

– надзорот од негова надлежност и

– врши други работи утврдени со закон.

Во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади е Управата за прашања на борците и воените инвалиди.

### *3.4. Министерство за култура и туризам*

Министерството за култура и туризам ги врши работите што се однесуваат на:

- следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој и унапредување на културата;

- примената, заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

- организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето на програми и проекти од национален интерес во оваа област;

- заштитата на културното богатство;

- издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и кинотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата;
- заштитата на авторското право и сродните права;
- спомeничкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;
- интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности;
- развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот;
- промоцијата на туризмот во земјата и во странство;
- подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките места и производи;
- истражувањето на туристичкиот пазар и развој на туристички информациски систем;
- условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции.

### *3.5. Министерство за дигитална трансформација*

Министерството за дигитална трансформација ги врши работите што се однесуваат на:

- развојот и промоцијата на информатичкото општество;
- технолошкиот развој и технолошката култура;
- подготвување на стратешки документи од областа на дигитализацијата;
- организирање и спроведување на обуки за дигитални вештини;
- безбедност на мрежи и информациски системи;
- дигитализација на јавните услуги;
- администрирање со интегрирана база на лични податоци на населението на Републиката и соодветните книги за евиденција;
- креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа;
- интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструкту-

рата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;

- следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди;
- телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура;
- радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура;
- остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- надзор од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон.

### *3.6. Министерство за јавна администрација*

Министерството за јавна администрација ги врши работите што се однесуваат на:

- законското уредување на прашањата во врска со администрацијата;
- надзорот и обезбедувањето на единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници;
- развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
- класификацијата и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници;
- водењето Регистар за вработените во јавниот сектор;
- подготвувањето стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обуката;
- развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси;
- реформата во јавната администрација;
- остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- државната управа;
- управната постапка;
- управниот надзор и
- врши други работи утврдени со закон.

Во состав на Министерството за јавна администрација е Државниот управе н инспекторат.

### *3.7. Министерство за спорт*

Министерството за спорт ги врши работите што се однесуваат на:

- системот, развојот и унапредувањето на спортот и физичката култура;
- изработката и реализацијата на стратегии за развој на спортот;
- јавниот интерес во спортот во надлежност на Републиката во согласност со закон;
- учеството во изградба, опремување, одржување и располагање со спортски објекти и спортска инфраструктура во сопственост на државата;
- создавањето услови за поголема достапност на спортот до сите граѓани;
- развојот на моралните и етичките вредности во спортот;
- следењето, утврдувањето и поддршката на субјектите во спортот;
- заштитата од дискриминација и говор на омраза врз спортисти, спортски организации и други субјекти од областа на спортот;
- поддршката на млади талентирани спортисти;
- верификацијата на квалификации на стручните кадри во областа на спортот;
- меѓународната соработка во областа на спортот;
- надзорот во областа на спортот и
- врши други работи утврдени со закон.

## *4. МЕЃУРЕСОРСКИ ПРЕВЗЕМАЊА И ТРАНСФОРМАЦИИ*

Со новата реорганизација, покрај преименувањето и пренесувањето на дел од постоечките и преземањето на новите функции, се изврши и пренос на надлежностите врз подресорски тела и одделенија, дирекции, агенции и инспекторати.

Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците продолжува со работа како Министерство за односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи продолжува со работа како Министерство за надворешни работи и надво-

решна трговија, Министерството за економија продолжува со работа како Министерство за економија и труд, додека пак Министерот за економија и труд ги врши и работите што се однесуваат на надворешна трговија, туризам, енергетика, рударство и минерални суровини сè до преземање на вработените во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за култура и туризам и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија;

Министерството за труд и социјална политика продолжува да работи како Министерство за социјална политика, демографија и млади. Министерот за социјална политика, демографија и млади продолжува да ги врши работите што се однесуваат на труд сè до преземање на вработените во Министерството за економија и труд.

Министерството за култура продолжува да работи како Министерство за култура и туризам.

Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со Законот, како правни наследници на ова министерство. Министерството за дигитална трансформација го задржува единствениот даночен број на Министерството за информатичко општество и администрација, а Министерството за јавна администрација ќе добие нов даночен број најдоцна во рок од три дена од денот на конституирање на Владата. Министерството за транспорт и врски продожува со работа како Министерство за транспорт;

Агенцијата за млади и спорт се укинува, а работите од нејзината надлежност преминуваат во Министер за спорт и во Министерството за социјална политика, демографија и млади;

Државниот девизен инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за финансии;Државниот инспекторат за техничка инспекција продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини;

Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за шумарство и ловство продолжуваат да работат како органи во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот санитарен и здравствен

инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за здравство;

Државниот просветен инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за образование и наука;

Државниот инспекторат за труд продолжува да работи како орган во состав на Министерството за економија и труд;

Државниот пазарен инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за економија и труд;

Државниот инспекторат за локална самоуправа продолжува да работи како орган во состав на Министерството за локална самоуправа;

Државниот управен инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за јавна администрација;

Државниот инспекторат за транспорт, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и Државниот комунален инспекторат продолжуваат да работат како органи во состав на Министерството за транспорт;

Државниот инспекторат за животна средина продолжува да работи како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и Секретаријатот за европски прашања продолжува да работи како Министерство за европски прашања.

# СМЕТКОВОДСТВО

*Редакциски текст*

## *РАБОТНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2024 ГОДИНА*

***Потребни за изработка на финансиски извештаи за период од 01.01 до 30.06.2024 година.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва ("Службен нвесник на РМ 19/04 ... 120/18, 290/20, 215/21, 99/22), секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци, имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување.

Другите трговци, имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти, се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди.

Одредбите од ЗТД во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи, соодветно се примену-

ваат и на правните лица со седиште во РС Македонија, што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со законот и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

**Годишните Финансиските извештаи, вклучуваат:**

- Извештај за финансиска состојба – ***Биланс на состојба;***
- *Извештај за севкупна добивка* ***- Биланс на успех;***
- ***Извештај за промените во главнината;***
- ***Извештај за паричните текови;***
- ***Применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки,*** подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Трговецот покрај тоа што составува годишна сметка за една календарска година, составува годишна сметка и финансиски извештај **и во покус период од наведениот, во случај на статусни промени (*присоединување, спојување, поделба*), ликвидација, стечај и во други случаи, определени со закон.**

За таа цел при изработка на годишната сметка за година или за пократок период, деловните субјекти користат одредени работни податоци, кои претставуваат мерила и критериуми за утврдување на износот на средствата и изворите на средства, како и на износите на приходите и расходите.

**Во продолжение се презентирани сет од неопходни податоци и информации за работењето во сметководството и изготвувањето на финансиските извештаи, кои се подготвени и објавени од страна на надлежните институции.**

## *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2024 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2024* година, изнесува:

| ***57.609,00 денари.*** |
|---|

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ–ЈУНИ/2024 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08... 171/17; 35/18; 247/18, 251/22), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2024* година, изнесува:**

| ***28.805,00 денари (57.609,00 x 50%).*** |
|---|

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***

| ***28.805,00 денари;*** |
|---|

***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА***
***вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители)***

| |
|---|
| ***57.609,00 денари;*** |

***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА***
***вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***

| |
|---|
| ***28.805,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2024 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***921.744,00 денари (16 x 57.609,00 денари).*** |

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати****.***

| |
|---|
| ***691.308,00 денари (12 x 57.609,00 денари).*** |

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во

трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2024 година**, изнесува:

| *921.744,00 денари (16 x 57.609,00 денари).* |
|---|

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

| *46.087,00 **денари** (57.609,00 **денари x** 80%).* |
|---|

| ***На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата над највисоката основица, се пресметува Данок на доход.*** |
|---|

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Година/Период | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 - 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 - 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 - 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **01.03.2022 – 28.02.2023** | **18.000,00** | **26.422,00** | **41/2022 Закон** |
| ***5.*** | ***01.03.2023 – 28.02.2024*** | ***20.175,00*** | ***29.739,00*** | **558/2023 Објава** |
| ***6.*** | ***01.03.2024 – 28.02.2025*** | ***22.567,00*** | ***33.352,00*** | **68/2024 Објава** |

## *5. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО РС МАКЕДОНИЈА*

| ***ВО МЕСЕЦОТ*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Период*** | ***Просечна исплатена месечна нето плата*** | ***Соопштение на ДЗС*** | |
| | | ***Број*** | ***Дата*** |
| **ЈАНУАРИ/24 (XI)23** | 38.359,00 | 4.1.24.07 | 23.01.2024 |
| **ФЕВРУАРИ/24(XII)23** | 39.998,00 | 4.1.24.16 | 22.02.2024 |
| **МАРТ (I)/2024** | 39.542,00 | 4.1.24.26 | 21.03.2024 |
| **АПРИЛ (II) 2024** | 39.276,00 | 4.1.24.36 | 23.04.2024 |
| **МАЈ (IV) 2024** | 40.496,00 | 4.1.24.45 | 22.05.2024 |
| **ЈУНИ (V) 2024** | 41.085,00 | 4.1.24.56 | 20.06.2024 |

### *5.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата кај претпријатија со повеќе од 51% во државна сопственост*

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ (“Службен весник на РМ” 70/94 ... 147/15), ***работодавачот може да врши исплата на следните надоместоци:***

**ОТПРЕМНИНА ПРИ ОДЕЊЕ ВО ПЕНЗИЈА**

Се исплатува во висина, најмногу до **двократен износ** од основицата.

***Ослободен од Данок на личен доход до двократен износ;***

**РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**

Се исплатува во висина, **најмногу до 60%** од основицата.

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход;***

**ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА**

Се исплатува **во висина од основицата.**
***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход.***

**НАПОМЕНА: Основица за пресметување на надоместоците пртставува Просечната месечна нето плата по работник во РСМ, исплатена до денот на исплатата.**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

| ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДРУШТВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Период* | *Отпремнина при одење во пензија* | *Регрес за годишен одмор* | *Јубилејна награда* | *Соопштение на ДЗС* | *Дата* |
| **ЈАНУАРИ/2024** | 76.718,00 | 23.015,00 | 38.359,00 | 4.1.24.07 | 23.01.2024 |
| **ФЕВРУАРИ/2024** | 79.996,00 | 23.999,00 | 39.998,00 | 4.1.24.16 | 22.02.2024 |
| **МАРТ/2024** | 79.084,00 | 23.725,00 | 39.542,00 | 4.1.24.26 | 21.03.2024 |
| **АПРИЛ/2024** | 78.552,00 | 23.566,00 | 39.276,00 | 4.1.24.36 | 23.04.2024 |
| **МАЈ/2024** | 80.992,00 | 24.298,00 | 40.496,00 | 4.1.24.45 | 22.05.2024 |
| **ЈУНИ/2024** | 82.170,00 | 24.651,00 | 41.085,00 | 4.1.24.55 | 20.06.2024 |

### *6. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ПО РАБОТНИК ВО РС МАКЕДОНИЈА ЗА ТРИ МЕСЕЦИ*

| ЗА ПРЕТХОДНИ ТРИ МЕСЕЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| *Период* | *Просечна исплатена месечна нето плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
| | | *Број* | *Дата* |
| **ЈАНУАРИ/24(IX-X-XI)/23** | 38.360,00 | 4.1.24.07 | 23.01.2024 |
| **ФЕВРУАРИ/24 (X-XI-XII)/23** | 39.063,00 | 4.1.24.16 | 22.02.2024 |
| **МАРТ/24 (XI-XII-I)/23/24** | 39.298,00 | 4.1.24.26 | 21.03.2024 |
| **АПРИЛ/24 (XII-I-II)/23/24** | 39.601,00 | 4.1.24.36 | 23.04.2024 |
| **МАЈ/24 (I-II-III)/24** | 39.771,00 | 4.1.24.45 | 22.05.2024 |
| **ЈУНИ/24 (II-III-IV)/24** | 40.281,00 | 4.1.24.55 | 20.06.2024 |

### *6.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА,*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *18. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина,*** *во следните случаи:*

| ***Години поминати во работен однос*** | ***Висина на плата*** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2024* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 (2x50%) |
| ***ЈАНУАРИ/2024*** | ***38.843,00*** | ***19.422,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2024*** | ***38.359,00*** | ***19.180,00*** |
| ***МАРТ/2024*** | ***39.998,00*** | ***19.999,00*** |
| ***АПРИЛ/2024*** | ***39.542,00*** | ***19.771,00*** |
| ***МАЈ/2024*** | ***39.276,00*** | ***19.638,00*** |
| ***ЈУНИ/2024*** | ***40.496,00*** | ***20.248,00*** |
| ***ЈУЛИ/2024*** | ***41.085,00*** | ***20.543,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настаната-та статусна промена, правен следбеник е последниот работо-давач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплатува од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА*, за практикантска работа *ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на** ***МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со*** **Закон,** ***за практикантска работа НАД ТРИ*** ***месеци***, сметано **од четвртиот месец**.

***Минимална НЕТО плата 22.567,00 денари***.

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

## *20. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот, паѓа на товар НА УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

## *21. ПЛАТЕНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА (ПЛАТЕН ОДМОР)*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности **до 7 работни дена, во текот на годината** во следните случаи:

- за склучување на брак 3 дена
**- за склучување брак на дете 2 дена**
**- за раѓање или посвојување дете 2 дена**
- за смрт на сопружник или дете 5 дена
**- за смрт на родител, брат, сестра 2 дена**
**- за смрт на родител на сопружник 2 дена**
**- за смрт на дедо или баба 1 ден**
**- за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот до 3 дена**
**- за елементарните непогоди до 7 дена**

Во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди да одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди, донесена од страна на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција.

Во случаите од став (1), отсуството од работа се обезбедува и се користи во деновите на траењето на основа на која се остварува, без оглед на барањето на процесот на работа.

## *22. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот, се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................. 35%***
- ***Работа во три смени ............................................... 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за

поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

**Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж (МИНАТ ТРУД)**

## *23. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА ЗА РАБОТА ВО НЕДЕЛА И ПРАЗНИЦИ*

| ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА | ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ | ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 и чл.4 од ЗП) | 50% - Додаток/недела<br>50% - Додаток/празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

*24. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2024 година ("Службен весник на РМ" 283/23), на буџетските корисници, им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***12.282,00 денари*** <br> ***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 40.940,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 12.282,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***82.504,00 денари*** <br> ***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(2 x 41.252,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 82.504,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***41.252,00 денари*** <br> ***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 41.252,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***НЕ Е ПРОПИШАНА*** <br> ***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2024 година).*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** <br> ***НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2024 година од 01.01.2024 година)*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ*** <br> ***НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***82.504,00 денари*** <br> ***(2 x 41.252,00)*** <br> ***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник, исплатена во РМ до денот на исплата.*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 82.504,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br><br>***(Согласно член 21 од Општ Колективен договор за за јавен сектор ("Службен весник на РСМ" 154/23),*** вработениот регресот за годишен одмор за 2024 година, се исплатува во висина **од најмалку** ***30% од основицата која претставува просечна месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во претходна година*** под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот и изнесува:***<br><br>***10.984,00 (во нето износ) (36.614,00 x 30%)*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***<br>***НЕ Е ПРОПИШАН).***<br>***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2024 година),*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ***<br>***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br><br>Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2024 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).*<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***<br>***(во висина на стварни направени трошоци).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ***<br>***ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА ЈУЛИ/2024***<br><br>***8.237,00 денари***<br>***(54.916,00 x 15%)***<br><br>***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2023 година***):<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 8.237,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2024 година изнесува: 81,60 денари*** <br> Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 16/2024).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување) за V/2024 godina, се однесува за месец ЈУЛИ/2024 година изнесува:*** <br> ***33.584,00 денари (50% од 67.167,00)*** |

***25. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 19 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија („Службен весник на РСМ” 154/23), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА: Просечна бруто плата на работникот во последните 12 месеци. Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висината на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.***

***26. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 16 од Општиот Колективен договор за ***ЈАВЕН СЕКТОР*** на РМ („Службен весник на РМ” 154/23), ***основната плата на работникот се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.............................................35%***
- ***Работа ноќе..............................................................35%***
- ***Работа во три смени ................................................5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 50%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во смени, работникот го остварува само за деновите кога работи во три смени организирани со периодично менување во рамките на вкупните 24 часа.

**Согласно член 17 од ОКДЈС сновната бруто плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *27. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2024 ГОДИНА*

### *27.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ,*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **22.567,00** |
| 2. Даночно намалување за 2024 година | 9.540,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 13.027,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.447,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **24.014,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (24.014 x 1,3889)** | **33.352,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 6.270,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 2.501,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 400,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 167,00 |
| **11. Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **9.338,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 24.014,00 |
| 13. Даночно намалување за 2024 година | 9.540,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 14.474,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.447,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **22.567,00** |

### 27.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **33.352,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 х 18,8%) | 6.270,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 х 7,5%) | 2.501,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 х 1,2%) | 400,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 х 0,5%) | 167,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **9.338,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 24.014,00 |
| 8. Даночно намалување за 2024 година | 9.540,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7-18 | 14.474,00 |
| **10. Данок на доход (14 х 10%)** | **1.447,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1-6-10)** | **22.567,00** |

### 27.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **28.805,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 х 18,8%) | 5.415,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 х 7,5%) | 2.160,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 х 1,2%) | 346,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 х 0,5%) | 144,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **8.065,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 20.740,00 |
| 8. Даночно намалување за 2024 година | 9.540,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8) | 11.200,00 |
| **10. Данок на доход (10 х 10%)** | **1.120,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **19.620,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 28.805,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 28.805,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 28.805,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 19.620,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 1.120,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 8.065,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 19.620,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 1.120,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 8.065,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 28.805,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

## *27.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (16 x 49.397,00)** | **921.744,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 173.288,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 69.131,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 11.061,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 4.609,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **258.089,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 663.655,00 |
| 8. Даночно намалување за 2024 година | 9.540,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 654.115,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **65.411,00** |
| **11. Нето плата (1 - 6 - 10)** | **598.244,00** |

## *27.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **800.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 258.089,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **541.911,00** |
| 4. Даночно намалување за 2024 година | 9.540,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 532.371,00 |
| **6. Данок на личен доход *(5 x 10%)*** | **53.237,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **488.674,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

### *Коефициент на МДБ за месец ЈУНИ 2024 изнесува (2,4%)*

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка ("Службен весник на РСМ" 112/2014...151/21, 199/23), Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2024 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот ***ЈУНИ 2024 година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2023 година, изнесува:*** | ***2,4%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***ЈУНИ 2024 година,*** **изнесува**: | ***2,4%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *ЈУНИ 2024 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2023** година, од ***(АОП/56 - Пресметан данок по намалување), помножен со 2,4%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2024 ГОДИНА

***Месечен коефициент за МАЈ/2024 (0,007).***
***Кумулативен коефициент од I до V 2024 (0,021).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАЈ/2024*** година, во однос на ***АПРИЛ/2024*** година. | ***0,007*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАЈ/2024 година***. | ***0,021*** |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАЈ/2024 година*** во однос на ***МАЈ/2023 година***.. | ***0,010*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2024 година***, во однос на ***АПРИЛ/2024 година***. | ***0,013*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на МАЈ/2024 година.*** | ***0,025*** |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2024 година*** во однос на ***МАЈ/2023 година***. | ***0,058*** |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2024 година***, во однос на ***АПРИЛ/2024 година.*** | ***0,009*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАЈ/2024 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2023 година.*** | ***0,020*** |

## НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
### (за период ЈУЛИ/2024 година)

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 03.01.2024 | 77,00 | 79,50 | 73,50 | 73,00 | 41,236 | 1/2024 |
| 10.01.2024 | 77,00 | 79,00 | 72,50 | 72,00 | 41,517 | 5/2024 |
| 16.01.2024 | 76,50 | 78,50 | 73,50 | 73,50 | 41,941 | 9/2024 |
| 23.01.2024 | 78,00 | 80,00 | 75,00 | 74,50 | 41,732 | 13/2024 |
| 30.01.2024 | 79,50 | 81,50 | 76,50 | 76,00 | 41,439 | 21/2024 |
| 03.02.2024 | 79,50 | 81,50 | 78,50 | 76,00 | 41,439 | 25/2024 |
| 06.02.2024 | 80,50 | 82,50 | 78,00 | 77,00 | 41,352 | 26/2024 |
| 13.02.2024 | 81,00 | 83,50 | 79,50 | 76,50 | 40,732 | 32/2024 |
| 16.02.2024 | 83,00 | 83,50 | 79,50 | 76,50 | 40,732 | 39/2024 |
| 17.02.2024 | 83,00 | 76,50 | 79,50 | 76,50, | 40,732 | 40/2024 |
| 20.02.2024 | 83,00 | 86,50 | 80,50 | 77,50 | 41,881 | 41/2024 |
| 23.02.2024 | 83,00 | 85,50 | 80,50 | 77,50 | 42,901 | 44/2024 |
| 24.02.2024 | 83,00 | 85,50 | 78,50 | 77,50 | 42,901 | 45/2024 |
| 27.02.2024 | 82,50 | 84,50 | 78,00 | 76,00 | 43,343 | 46/2024 |
| 05.03.2024 | 83,00 | 85,00 | 77,00 | 75,50 | 43,752 | 53/2024 |
| 12.03.2024 | 82,50 | 84,50 | 76,50 | 75,00 | 44,019 | 58/2024 |
| 19.03.2024 | 83,00 | 85,50 | 76,00 | 75,00 | 43,797 | 63/2024 |
| 23.03.2024 | 85,00 | 85,50 | 76,00 | 75,00 | 43,797 | 68/2024 |
| 26.03.2024 | 85,00 | 87,00 | 77,00 | 78,00 | 44,776 | 69/2024 |
| 02.04.2024 | 85,00 | 87,50 | 76,00 | 75,00 | 45,459 | 73/2024 |
| 09.04.2024 | 86,50 | 88,00 | 78,00 | 77,00 | 45,173 | 79/2024 |
| 16.04.2024 | 86,50 | 88,00 | 77,50 | 77,50 | 44,302 | 85/2024 |
| 23.04.2024 | 87,50 | 90,00 | 76,00 | 76,00 | 44,554 | 92/2024 |
| 30.04.2024 | 87,50 | 89,50 | 75,50 | 75,50 | 46,661 | 96/2024 |
| 08.05.2024 | 86,00 | 88,00 | 74,50 | 74,00 | 45,832 | 99/2024 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.05.2024 | 86,00 | 88,00 | 74,50 | 74,00 | 44,609 | 100/2024 |
| 14.05.2024 | 84,50 | 88,50 | 74,00 | 73,50 | 44,007 | 102/2024 |
| 17.05.2024 | 84,50 | 86,50 | 74,00 | 73,50 | 42,935 | 104/2024 |
| 21.05.2024 | 83,00 | 85,50 | 73,00 | 72,50 | 42,629 | 106/2024 |
| 28.05.2024 | 82,50 | 84,50 | 73,50 | 73,00 | 42,453 | 109/2024 |
| 04.06.2024 | 82,00 | 84,00 | 73,00 | 72,00 | 43,209 | 117/2024 |
| 07.06.2024 | 80,00 | 84,00 | 73,00 | 72,00 | 43,209 | 119/2024 |
| 08.06.2024 | 80,00 | 82,00 | 73,00 | 72,00 | 43,209 | 120/2024 |
| 11.06.2024 | 80,00 | 82,00 | 71,50 | 70,50 | 42,475 | 121/2024 |
| 14.06.2024 | 80,00 | 82,00 | 71,50 | 70,50 | 43,639 | 126/2024 |
| 15.06.2024 | 80,00 | 82,00 | 73,50 | 72,50 | 43,639 | 127/2024 |
| 18.06.2024 | 81,00 | 83,00 | 74,00 | 73,00 | 44,458 | 128/2024 |
| 21.06.2024 | 81,00 | 83,00 | 74,00 | 73,00 | 45,680 | 130/2024 |
| 25.06.2024 | 82,50 | 85,00 | 76,50 | 75,00 | 46,720 | 133/2024 |
| 29.06.2024 | 82,50 | 85,00 | 78,50 | 75,00 | 47,928 | 135/2024 |
| 02.07.2024 | 83,00 | 85,00 | 76,50 | 75,00 | 48,008 | 136/2024 |
| 09.07.2024 | 84,00 | 88,00 | 77,50 | 75,50 | 48,634 | 141/2024 |
| 12.07.2024 | 84,00 | 86,00 | 77,00 | 75,50 | 47,625 | 144/2024 |
| 16.07.2024 | 83,00 | 85,00 | 75,50 | 73,50 | 46,909 | 147/2024 |
| 23.07.2024 | 81,50 | 83,50 | 74,00 | 72.50 | 45,757 | 152/2024 |
| 27.07.2024 | 81,50 | 83,50 | 74,00 | 72,50 | 44,656 | 156/2024 |
| 30.07.2024 | 81,00 | 83,00 | 73,00 | 71,50 | 44,381 | 157/2024 |

# РОКОВИ ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ЗА ЈУЛИ/2024 ГОДИНА

**Даночниот роковник** е потсетник за навремено поднесување на даночните пријави во законски предвидените рокови. Во календарот, даден е преглед на даночните обврски и роковите во кои треба да ја поднесете даночната пријава по одделни видови даноци.

Доколку рокот до кога треба да се поднесе соодветната даночна пријава **е Сабота, Недела или Државен празник**, тогаш тој **се praместува за првиот следен работен ден**.

Но, сепак се препорачува обврзниците, даночните обврски да ги исполнат пред навршувањето на крајните рокови, прикажани во Табелата.

| ОБВРСКА | РОК НА ДОСТА-ВУВАЊЕ |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: “**МПИН “–** Месечна пресметка за интегрирана наплата на плата за **ЈУНИ*/2024*** <br> **Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До 10 ЈУЛИ** |
| **Поднесување на пресметки од физички лица** кои остваруват доход за кој Данокот на личен доход не се плаќа по Одбивка ***(закупнини, капитални добивки, друг доход)*** за доход остварени ***во ЈУНИ/*2023** | **До 10 ЈУЛИ** |
| **ПЛАКАЊЕ НА:** Аконтација на **ДАНОК НА ДОБИВКА** и Аконтација на данок на личен доход <br> **ОБВРЗНИЦИ:** Сите правни субјекти освен обврзник со посебен даночен статус (***заштитно друштво за вработување на инвалиди, стопанска единица на КПУ, или корисник на ТИРЗ, како и трговските друштва кои се обврзници на паушал на вкупен приход*****).** <br> **НАПОМЕНА: Образецот *„МДБ” се доставува до УЈП.*** | **До 15 ЈУЛИ** |
| **ОБРАЗЕЦ*:* ВХВ-1**/Извештај за состојба и промени на вложувања во сопствени хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и **ВХВ-2**/Извештај за состојба и промени на вложувања во должнички извештај за сосотојба и промени на вложувања во должнички хартии од вредност за ***ЈУНИ/2024*** **година.** | **До 20 ЈУЛИ** |

| | |
|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ**: **Резиденти** кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | |
| **ОБРАЗЕЦ: МИ –** Месечен извештај за трансакции во странство.<br>**ОБВРЗНИЦИ: Резиденти** кои имаат сметки во странство, евидентни сметки или имаат одобрение за девизен максимум, односно во работењето вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари, за ***ЈУНИ/2024 година*.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: до НБРМ** | **До<br>20 ЈУЛИ** |
| **Образец: КВС-22** – Квартален извештај за вложување од странство **(II квартал за II-III-IV/2024)**<br>**Обврзници**: Резиденти кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**Доставување**: **НБРМ** | **До<br>20 ЈУЛИ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: “**ДДВ/04 “Даночна пријава на ДДВ**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **МЕСЕЧНИ и ТРОМЕСЕЧНИ** даночни обврзници.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: http://etax.ujp.gov.mk** | **До<br>25 ЈУЛИ** |
| **ОБРАЗЕЦ: “ДДВ-ПЕФ** “ЕВИДЕНЦИЈА на примени ф-ри која ја води примателот на прометот**.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Имплементаторот на проектот** – примателот на прометот ослободен од ДДВ, согласно член 24-а од Законот за ДДВ за примените фактури од вршителите на прометот<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:http://etax.ujp.gov.mk** | **До<br>25 ЈУЛИ** |
| **Образец: КИПО** - Кварталаен извештај за побарувања и обврски. странство **(II квартал за II-III-IV/2024)**<br>**Обврзници**: Резиденти кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**Доставување**: **НБРМ** | **До<br>30 ЈУЛИ** |

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## *ПРОМЕТ ОД ПРОВИЗИЈА ЗА ИЗВРШЕНА УСЛУГА ВО СТРАНСТВО*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали за провизија за извршена услуга во странство, спрема нерезидент, правен субјект се пресметува ДДВ?

***ОДГОВОР:***

Почнувајќи од 01.01.2024 година, оданочувањето на услугите се врши врз основа на одредбите од член 14 од Законот за ДДВ ("Службен весник на РМ" 44/99...198/18 и "Службен весник на РСМ" 98/19...199/23), кој претрпе значајни измени.

Генерално се изврши поделба во делот на оданочувањето на услугите, помеѓу услугите за правни субјекти и за физичи лица. Освен за неколку специфични услуги кои се извршени спрема правни субјекти (вршители на дејност), повеќето се ослободени од ДДВ доколку примателот е нерезидент, вршител на дејност.

Исто така ослободувањето на услугите од ДДВ кои се вршат спрема физички лица или други субјекти, кои не вршат дејност, се врши согласно наброените видови на услуги, додека генерално подлежат на оданочување, доколку не спаѓаат во таксативно наброените.

Бидејќи станува збор за провизија по основ извршена услуга спрема нерезидент, вршител на дејност, местото на промет се определува спрема, седиштето на примателот на услугата (нерезидентот - надвор од МК).

Прометот од провизија за извршена услуга е ослободен од ДДВ, согласно член 14 став 2 од Законот за ДДВ, доколку се фактурира на нерезидент правен субјект (вршител на дејност). За користење на ослободувањето потребна е потврда од надле-

жен орган за регистриран ДДВ обврзник или само регистрациски број кој треба да се наведе во излезната фактура спрема нерезидентот.

Доколку се фактурира на физичко лице (нерегистрирано за дејност), местото на прометот е местото каде е извршена услугата (ако услугата е во МК, тогаш има ДДВ).

***дипл.економист: Јулија Минковска***

## *КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИ КОИ НЕ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ*

***ПРАШАЊЕ:***

Како може да користам здравствени услуги во случај кога не сум здравствено осигуран, а имам потреба од лекување?

***ОДГОВОР:***

Согласно Законот за здравственото осигурување, ("Службен весник на РС Македонија" 25/00...275/19, 77/21, 60/23, 209/23), здравственото осигурување се востановува како задолжително и доброволно.

**Задолжително здравствено осигурување се востановува за сите граѓани**, заради обезбедување здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со Законот.

**Доброволно здравствено осигурување се востановува за обезбедување на здравствени услуги, кои не се опфатени** со задолжителното здравствено осигурување.

**Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Фондот за здравствено осигурување.**

За да може да користи здравствени услуги на товар на Фондот, граѓанинот **мора да е здравствено осигуран согласно член 5 од Законот за здравствено осигурување.**

Граѓаните кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, можат да пристапат кон задолжителното здравствено осигурување заради користење на основните здравствени услуги во:

- **Примарната здравствена заштита;**

- **Специјалистичко-консултативната здравствена заштита;**
- **Болничката (краткотрајна и долготрајна) здравствена заштита.**

Од изложеното произлегува дека, доколку лицето не исполнува некој од основите за задолжително здравствено осигурување, односно нема **здравствено осигурување, а има потреба од лекување“**, има можност:

**1. Да се пријави врз основа на точката 17 од членот 5 од Законот за здравствено осигурување, дека не е задолжително осигуран по ниеден основ од сите наведени точки од членот 5 од Законот, со доказ дека не остварува приход од вршење на дејност или имот (*УВЕРЕНИЕ ОД УЈП ЗА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ),* со што ќе може да ги користи основните права од задолжителното здравствено осигурување, или**

**2. Доброволно да пристапи кон здравственото осигурување, за што ќе му биде утврден МЕСЕЧЕН ИЗНОС што ќе треба да го плаќа за здравствено осигурување.**

## *ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СЕМЕЈСТВО*

*ПРАШАЊЕ:*

До кога може да се користи здравствено осигурвање на член од семејство, на осигуреник?

*ОДГОВОР:*

**Согласно член 6 од Законот за задолжитено здравствено осигурување,** („Службен весник на РС Македонија" 25/00...275/19, 77/21, 60/23, 209/23), врз основа на задолжителното здравствено осигурување на осигуреникот, се обезбедува задолжителното здравствено осигурување и на членовите на неговото семејство, ако не се осигурени според член 5 од Законот, освен за лицата со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита односно ***корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок заради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисници на вон-семејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита***

***согласно со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство; лице-жртва на трговија со луѓе; корисник на право на социјална сигурност за старите лица и дете со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно со Законот за заштита на децата, ако не може да се осигураат по друга основа.***

Како членови на семејство на осигуреникот, се сметаат: **брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување.**

Децата на осигуреникот се здравствено осигурени:

- **До навршување на 18-годишна возраст, а по тие години само ако се на редовно школување, но најдоцна до навршувањето на 26 години,**
- **Кога се на вонредно школување, ако поради природата на болеста не се во можност редовно да ја посетуваат наставата и**
- **Ако се или станат неспособни за самостоен живот и работа во смисла на прописите на пензиското и инвалидското осигурување, односно за социјалната заштита, ако осигуреникот ги издржува – за сето време додека трае таквата неспособност.**

## *КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО СТРАНСТВО ВО СЛУЧАЈ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ШКОЛУВАЊЕ, СЛУЖБЕНО ИЛИ ПРИВАТНО ПАТУВАЊЕ*
### *(користење на итна медицинска помош)*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали може да се користат здравствени услуги во странство во случај на стручно усовршување, школување службени или приватно туристичко патување?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 30 од Законот за здравствено осигурување, ("Службен весник на РС Македонија" 25/00...275/19, 77/21, 60/23, 209/23), осигурените лица кои се со место на живеење во земја со која РС Македонија има склучено или превземено договор за социјално осигурување, во таа земја можат да користат

здравствени услуги во обем и на начин утврден со договорот за социјално осигурување.

Осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, можат да користат **само итна медицинска помош.**

***1. Привремен престој во странство, во земји со кои има договор за социјалкно осигурување***

Осигурените лица кои привремено престојуваат (***привано или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународно - техничка, научна и културна соработка и сл.***), во земји со кои РС Македонија **има склучено меѓународен договор** за социјално осигурување, можат да користат бесплатна итна медицинска помош, врз основа на потврда што ја издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

**Постапката за издавање на потврдата, се поднесува по барање на осигуреното лице.**

Кон барањето, осигуреното лице ги приложува следните документи:

- **Потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар;**
- **Наод, оценка и мислење на лекарската комисија на Фондот.**

**Потврдата не се издава** на осигурени лица за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или акутни влошувања кај хронични болести.

**Двојазични обрасци, потврди, за користење на здравствени услуги во странство во случај на стручно усовршување, школување, службено или приватно патување (туристичка посета), со држави со кои ИМА договор за социјално осигуурвање**

| Земја | Обрасци, потврди[1] |
|---|---|
| **Австрија** | МК/А - 3 |
| **Албанија** | РМ/АЛ - 111 |
| **Белгија** | РМ/БЕ - 111 |
| **Босна и Херцеговина** | РМ/БиХ - 3, |

| | |
|---|---|
| **Бугарија** | РМ/РБ - 111 |
| **Германија** | Д/РМ - 111 |
| **Италија** | ИТ - 111 |
| **Луксембург** | РМ/СИ - 3 |
| **Србија** | РМ/СРБ - 111 |
| **Словенија** | РМ/СИ - 3 |
| **Словачка** | РМ/СК – 111 |
| **Турција** | РМ/ТР - 4 |
| **Унгарија** | РМ/ХУ–111 |
| **Франција** | SE-21-04 и/или SE-21-04 A |
| **Холандија** | РМ/НЛ - 111 |
| **Хрватска** | РМ/ХР - 3 |
| **Црна Гора** | РМ/МНЕ - 111 |
| **Чешка** | РМ/ЦЗ - 111 |

***2. Користење на итна медицинска помош во земји со кои НЕМА договор за социјално осигурување или истиот не бил испочитуван***

Согласно член 38 од Правилникот, осигуреното лице кое привремено престојува во странство (***приватно или службено патување, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска меѓународна - техничка, научна и културна соработка и сл***.) со кои РС Македонија **НЕМА** склучено (***превземено***) Договор за социјално осигурување, **може да користат само ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ.**

**Како итна медицинска помош се смета користење на здравствени услуги кои се неопходни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, додека трае таа опасност.**

Итноста на случајот, времетраењето на итноста и здравствените услуги, потребни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, ја цени лекарската комисија на Фондот врз основа на медицинската документација на странската здравствена установа.

Осигуреното лице кое користи здравствена заштита во итен случај е **должно по завршувањето на итноста да се врати за да го продолжи лекувањето во земјата**.

Ако по завршувањето на итноста осигуреното лице **не се врати навреме во земјата** и го продолжи лекувањето во странство, за тој период **трошоците паѓаат на негов товар.**

**Надоместот на трошоците за платените здравствени услуги во итни случаи за време на привремен престо во странство, осигуреното лице остварува врз основа на барање.**

***Поднесување на Барање за надомест на средства за извршени здравстени услуги во странство-ИТЕН СЛУЧАЈ***

По исклучок, во итните случаи, кога не може да се примени меѓународен Договор за социјално осигурување, а осигуреното лице во странската здравствена установа се наоѓа на подолготрајно болничко лекување, кое не е во можност сам да го плати и по завршување на истото да бара надомест на трошоците согласно законот и правилникот, Фондот поведува постапка за утврдување на итноста по службена должност.

По добивање на оценка и мислење од надлежната лекарска комисија од Подрачната служба на Фондот, за итноста на случајот, **Фондот врз основа на доставена фактура од странската здравствена установа, врши уплата на средствата за извршеното лекување** во странство, на осигуреното лице.

Осигуреното лице, пропишаното лично учество во трошоците, го плаќа во странската здравствена установа.

Платените здравствени услуги, Фондот ги признава во полн износ, **намалени** за пропишаното учество за лекување во странство, врз основа на поднесено барање од осигуреното лице, на (**Образец Л3 - Барање за надомест на средства за извршени здрабствени услуги во странство-ИТЕН СЛУЧАЈ)**

Кон барањето, осигуреното лице ги приложува следните документи:

- **Мислење од лекарската комисија на Фондот за итноста на случајот и времетраењето на итноста;**
- **Медицинска документација за извршените здравствени услуги во странство, со превод од овластен преведувач;**
- **Сметки (фактури) за платени здравствени услуги, со фискална сметка со превод од овластен преведувач;**

- **Потврда за платен придонес за задолжително здравствено осигурување;**
- **Здравствена легитимација на увид.**

Здравствените услуги, Фондот ги признава во полн износ, намалени за пропишаното учество за лекување во странство.

Барањето - **Образецот Л3,** се пополнува во два идентични примерока, на кои се втиснува приемен штембил со број и датум од страна на архиварот.

Едниот примерок со документите во прилог го задржува Архивата на Подрачната служба на ФЗОМ, а другиот примерок го задржува подносителот на барањето.